СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија , одржана на 18 февруари 1992 година

Скопје, февруари 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да почнеме.

Пратениците Душко Горѓески, Васил Зимбаков и Димитар Димитров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За сите што не се присутни на седницата се смета дека немаат оправдани причини, се разбира, штом не ги најавиле. Затоа молам пратениците кога отсуствуваат на време да соопштуваат за да ги водиме како отсутни од оправдани причини.

Преминуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за државјанство на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на СДБ, Законодавно-правната комисија, Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за меѓу-национални односи и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Агим Фазлиу.

АГИМ ФАЗЛИУ:

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници, земајќи го зборот, сакам да кажам некои начелни забелешки околу предлогот за донесување на закон за дражвјанство на Република Македонија. Пред се, сакам да укажам на предлагачот на законот да вложи повеќе напори за да го регулира, а попрецизно и посоодветно проблемот на двојното државјанство во Законот. Освен другите пробле-ми со двојното државјанство, јас сум должен да истакнам еден специфичен проблем со еден посебен број на наши граѓани кои престојувале и работеле и уште работат кои имале свои стопански објекти од малото стопанство и други објекти во другите републики на бивша Југославија, а семејствата им се во нашата Република.

Овие граѓани се заинтересирани за двојно државјанство, барам од предлагачот да најде соодветно решение за овој проблем во Законот.

Уште некои начелни забелешки околу челнот 26. Пред се сакам да укажам на тоа дека членот 26 како е формулиран посебно рокот од 15 години престој за добивање на државјанство е како резултат од дневната политика посебно од односот, предрасудите и стравот од приливот на албанците во Македонија. Јас мсилам дека при донесувањето на законите посебно системските закони мораме да се ослободиме од дневната политика, мораме, пред се да го имаме предвид успешното функционирање на државата, општеството и демократскиот дух, а за Македонија во овој период на самоопределување како држава, за нејзината демократија не е seedно како ќе го реши овој проблем.

Мораме да се осврнеме на примерите на Словенија и Хрватска како го решија овој проблем. Словенија, при донесувањето на овој закон, имаше многу дилеми и проблеми оти се сметаше дека во Словенија околу 200 илјади граѓани од другите републики ќе се соочат со проблемот на словенечкото државјанство. Но, и по сите колебања Словенија не постави услов години на престој како услов за добивање на државјанство. Им овозможи на сите кои ќе го побараат тоа да го добијат словенечкото државјанство.

Иако во Макеоднија се знае дека е многу мал бројот на граѓаните кои го немаат регулирано овој проблем на државјанство, а најмногу до 10 илјади. При распаѓањето на една заедничка држава и создавање на повеќе нови држави овој проблем не може едноставно да се реши оти од тоа можат да се создадат проблеми еден борј на граѓани да останат без државјанство, а со тоа создавање на политички и социјални проблеми. Затоа овој проблем мора да се реши со договор меѓу републиките на бивша Југославија, а ова најуспешно може да се реши со формирање на комисија за сукцесија, при Хашката конференција за Југославија, а сега Бриселска конференција што беше иницирано на Конференцијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, имам поднесено амандмани, но бидејќи е прва фаза на овој закон тоа нека бидат забелешки.

Забелешка на член 7 став 1 точка 2 од Предлог-законот за државјанството...

СТОЈАН АНДОВ:

Не е предлог на закон на расправа, ова е предлог за донесување. Сега се само начелни работи, дали да се донесе таков закон. Тоа е расправата.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Тогаш вака. Има потреба  и тие 15 години јас би предложил да бидат повеќе, бидејќи механичкиот прилив во Македонија е од 1960 и 1970 година. Спрема тоа, нациоанлниот состав е доста изменет во нашата Република и за да се исправи таа неправда би требало тие 15 години да се зголемат на повеќе.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали утше некој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

По Законот за одбрана ова е втор системски закон и нормално за него не само што постои потреба од донесување во процесот на конституирањето на државата и заокружувањето на системските закони, туку и заради тоа што имаме обврска според Уставниот закон   утврдена во Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Сакам да кажам дека ова е еден од поважните законски прописи поготово од причина што импликациите од неговата содржина и примена можат да бидат повеќестрани и далекусежни.

Сакам да укажам на некои работи во поглед на државјанството кои сметам дека би требало да бидат вграднеи во предлогот на закон и ќе ја задолжиме Владата на оваа седница да ни го достави и тоа не врз основа на дневно-политички потреби, туку аргументирано врз основа на оние законски прописи кои Републиката до сега ги имала.

Република Македонија законот за правото на државјанство на граѓаните на Републиката го има утврдено со законски прописи од 1950 година, Закон за државјанство до 1965 година и постојниот важечки од 1977 година . Во републиките на бивша СФРЈ единствено Република Србија го немаше регулирано прашањето на државјанството, а сите останати републики го имаа, тука беше и Република Македонија, единствено Србија минатата година донесе еден таков закон со кој овозможи сите граѓани на СФРЈ кои сметаат за потребно можат или се од српско потекло или Срби да можат да го стекнат и српското државјанство, меѓутоа од сосема препознатливи причини, заради тоа што како замена за големосрпската теза "сите Срби во една држава" на Република Србија посебен закон доминатата година за државјанство не и беше потребен.

Меѓутоа, би сакал да укажам на некои законски решенија кои ги понуди Владата.Поставувам прашање и барам Владата да одговори на оваа седница зошто законскиот проект за предлогот за донесување закон за државјанство кој го добивме во процедура во декември минатата година го повлече со образложение дека треба да изврши преработка на поодделни решенија кои се понудени во предлогот за донесување закон го понуди истиот текст на Закон без никакви измени освен во членот 26. Значи не постоеја никакви причини Владата да го одолговлечува процесот на донесувањето на овој закон кој нави-стина е важен заради тоа што се работи за држава која мора да го има регулирано и статусот на државјанството на нејзините граѓани.

Во јануари минатата година доставив повеќе пратенички прашања до Владата во поглед на регулирањето на прашањето на државјанството. Владата цела година ги проучуваше тие прашања за да на крајот одговори дека не постои евиденција за водење на дражвјанството, дека книгите за државјанство кои се воделе пред 6 април 1941 година не се наследени во сите општини, дека таква

евиденција не постои, дека на 6 април 1941 година во нив имало запишано вкупно 225.989 лица, дека не постои посебна евиденција за решенијата за прием на државјанство навремено во Народна Република Македонија донесени на 19 јуни 1950 година кога е донесен првиот закон за државјанство на Република Македонија и такви евиденции воопшто ретко се воделе.

Токму од тие причини сакам да укажам дека во новиот текст на Предлогот на закон кој ќе ни го понуди Владата, а тоа го утврди во форма на забелешки би требало со оглед на неприменета на закон-ските решенија кои биле донесени во Република Македонија да се прифатат сите оние решенија кои постоеле од 1950 година како критериуми и услови за стекнување на државјанство, а воопшто не биле применувани во практиката заради утврдување на точната состојба на дражвјанството.

Ова го наведувам од причини што и Уставниот суд навремено се изјасни дека од правото на државјанството односно од рестатусот на државјанството произлегува и избирачкото право за да не ни се случува она што навистина се случува и оправдано е барањето и на пошироката јавност, а јас не гледам дека тоа не треба да биде причина или пречка за донесување на одделни законски решенија или прифаќање на она што веќе било утврдено во поглед на лицата кои како инародно население претежно од Покраината Косово со механички прилив е населено во Република Македонија, пред се, од причина што во одговорот на Владата на моите пратенички прашања на 25 јануари а одговорот пристигна дури на 27 септември значи цела година.

по мое лично убедување тоа можело да се констатира  според издадените лични карти или дополнително да се изврши проверка за оние кои можеби и без лични карти и ден денеска живеат на територијата на Република Македонија.

Од тие причини, имајќи предвид дека сите законски проекти од 1950,1965 и 1977 година се надоврзуваат еден на друг, сметам дека Владата треба, како што е дадено во забелешките од моја страна, да ги прифати законските решенија од Законот од 1950 година, 1965 и 1977 посебно за водењето на посебна евиденција на државјанството односно книгите за државјанство и пред се условите кои исто така во челнот 26 од Законот од 1950 година за државјанство таксативно се наведени дека за да се стекнат со државјанство на територија на Република Македонија тоа право го имаат сите лица во Република Македонија кои со денот 28 август 1945 година ги исполнувале следните услови:

На ден 6 април 1941 година имале завичајност или жителство во било која општина на територијата на Република Македонија, до 30 јуни 1948 година дале писмена изјава пред извршните одбори односно било кој  извршен одбор на околискиот односно градскиот народне одбор на чие подрачје се наоѓа неговото живеалиште односно престојувалиште, дека сакаат да бидат државјани на Народна Република Македонија и дека на ден 28 август 1945 година можеби имале престојувалиште надвор од територијата на сега веќе бивша ФНРЈ, меѓутоа, ако докажат со писмен документ дека пред 6 април 1941 година имале последно жителство или општинска припадност во било кое место на територијата на НРМ. На тој начин сметам дека овие услови кои и Владата во своите одговори вели дека  - книгите за државјанство не се наследени од сите општини и со оглед на тоа не се водела посебна примена на овие законски одредби, а и граѓаните не биле ажурно

известувани  за нивните обврски да мора задолжително да поднесат писмена изјава дека го прифаќаат дражвјанството на Република Маке-донија пред надлежните органи за внатрешни работи. Сметам дека овие решенија би требало да се вградат повторно во новиот законски текст и затоа од овие причини предлагам по забелешките  кои ги достави Владата да ги имаме предвид при вградувањето на членот 26. Сметам дека независно од националната припадност на оние кои се домородно население на територијата на РМ со емотивните врски со инародното население од иста национална припадност сметам дека надлежните државни органи и ние како Парламент во овој законски пропис треба да извршиме такво разграничување што навистина според овие услови се докаже правото на државјанство.

Сметам дека на крајот во Законот, бидејќи станува збор за конституирање на Република Македонија во самостојна држава за првпат од нејзиното постоење надвор и од сојузот односно федерацијата бивша Југославија сметам дека во законот треба да се утврди обврската лицата  кои се наоѓаат или имаат живеалиште и престојувалиште на територијата на РМ да бидат должни во рок од 6 месеци од донесувањето на Законот да поднесат писмено барање за продолжување или стекнување на државјанство на РМ, а во спротивно доколку не добијат писмено решение дека им се продолжува односно прифаќа барањето за стекнување на државјанство према нив да се однесуваат одредбите од законот за движење и престој на странци односно да бидат третирани како странци. Затоа сметам дека Владата доста несериозно пристапила на овој законски проект со оглед на тоа што и досегашниот закон за државјанство од 1977 година тргнува од законските решенија во 1965 година и во законот за дражвјанство од 1950 година. Пред се во решенијата кои се дадени во првиот закон за државјанство во кој се наведува дека според потеклото може да биде државјанин

секое родено дете на територијата на Републиката меѓутоа, доколку и двата родитела му се државјани на Републиката и имале живеалиште пријавено на територијата на Република Македонија. На тој начин сметам дека ќе се отстранат сите контроверзи во поглед на механичкиот прилив на населението, а и навистина како држава сериозно поставувајќи се пред ова прашање кое за мене е доста битно  и исклучително важно навистина би го утврдиле правото односно статусот на државјанството на РМ за оние лица  кои според законските услови  кои ќе ги утврдиме ги поседуваат.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Господине претседателе, дами и господо, последниве години од монистичкиот систем  имавме една појава особено од 1981 година наваму иселување на многу семејства од Република Македонија во европските земји  и Америка. Поради идејно политичкото диференцирање имаме некои случаеви, а има и такви кои барале егзистенција во странските земји  кои не обезбедиле егзистенција тука во Македонија и кога веќе се преселија во странските земји доказ дека во западните земји барале божем политички азил само за да обезбедат материјална егзистенција.

ИСМЕТ РАМДЦАНИ: (продолжение)

Иако во член 2 се предвидува двојно државјанство за таканаречени бипартиди, меѓутоа, јас мислам дека и покрај тие меѓународни договори за овие наши граѓани кои отидоа во последниве години една грижа и со овој закон да се регулира и за нивното државјанство, односно двојно државјанство ако веќе им е земено државјанството, затоа што ние знаеме дека тие порано имале југословенско државјанство, а сега веќе зборуваме за една бивша Југославија. Во врска со член 26 исто така, мислам дека тоа што се бара да имаат државјанство само тие што престојувале најмалку 15 години во Македонија, а тие се граѓани на бивша СФРЈ. Мислам дека тука малку таа констатација, односно во тој член тврдо е постапено, затоа што ако споредуваме, само една компарација, да речеме кога може еден странски граѓанин, странец за 5 години при родување, односно натурализација да добие македонско државјанство. јас мислам дека во овој случај за граѓанин од бивша Југославија, т-е граѓанин кој живеел во СФРЈ да не може да добие државјанство во Македонија, јас мислам дека тоа многу тврдо е поставено во Законот.

На крајот никако не се сложувам со тие критериуми што ги даде господинот Петров и господинот Ковачевски, затоа што ми се чини дека се малку и тенденциозни. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господа, Законот за државјанство на секоја држава па и на држава Македонија е закон за заштита на човекот кој живее на територија. Тоа е закон за одбрана, па може да се земе и закон за дневна, или повеќегодишна, или вечна политика. Овој закон ние

го донесовме сега како практично измена и дополнување на постоечкиот закон за државјанство од 1977 година. Генезата на истиот треба да се бара од таму, а основно што е дали ќе треба да применуваме постар, или поблаг критериум за прифаќање на државјанство на граѓани кои покрај постоечкото државјанство сакаат да го примат и нашето со претстој, или со природување каде е предвидено време на траење на живеење на територија на Македонија ќе треба да се цени посебно и во одредени прилики. Ќе кажам само едно, ќе се повикам на член 249 од Законот на СФРЈ.  Во него се вели: "за граѓаните на Југославија постои единствено државјанство на СФРЈ". Меѓутоа, интересно е продолжувањето на овој член каде дава можност за секоја Република и тогаш има свој закон за државјанство и вели: "секој државјанин на Републиката истовремено е и државјанин на СФРЈ. Државјанин на една република ги има на територијата на друга република истите права и должности како и на нејзините државјани". Овде се прави многу јасна дистинкција што значи републичко државјанство. Овој пропис не можел да постои ако немало републичко државјанство. Ве молам, дали ќе треба некој сега да цени некој човек кој бил државјанин на друга Република во состав на таа заедница мислел 45 години, и не му било малку времето да се размисли да го напушти досегашното републичко државјанство, па сега по донесување на овој закон си вели "е сега  јас имам интерес да бидам државјанин на Република Македонија". Односот за запазување на рокот ќе треба да биде тука поселективен. Јас се придружувам на предлогот на Ковачевски и на Петров овој рок од 15 години што се однесува за државјанин на една заедница кои имале генерално државјанство, а држеле едно единствено државјанство републичко со кое се повикуваат сега да живеат во една држава,

на една територија и слично да биде поселективно и да не е по-малку од 30 години.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Дами и господа, мислам дека без сомнение дека после создавањето на новите републики во бивша Југославија се создаваат огромни проблеми по однос на државјанството, имајќи ја предвид структурата на луѓето кои што живеат во Македонија, односно местото на раѓањето е Македонија, а поради познати причини ја напуштиле Македонија, сега веќе се создаваат проблеми. Имено, вас ви е познато дека и Словенија и Хрватска веќе носат закони за државјанство. Сите албанци, а тоа важи и за другите кои  што со години, со децении работеле во Хрватска се должни да стекнат нивно државјанство. Според тоа, тие државјани мислам дека ние би ги исклучиле според овој закон. Предлагам во став 2 мислам член 2 на овој закон да се додаде став 2 и да гласи по можност вака, па ако треба Комисијата тоа нека го разгледа. Велиме вака: државјани со државјанство од бившите Ју-републики, местото на раѓањето е Македонија да имаат право и на државјанство на Македонија. Се мисли на оние кои што ја напуштиле, а заради објективни причини тие се таму, истовремено да имаат и македонско државјанство макар што во овој закон стои во став 1. Меѓутоа, тоа важи само за тие државјани кои што веќе го имаат стекнато маке-донското државјанство, а можат да имаат и друго. Предлогот ми е во тоа, оние кои што немаат македонско државјанство во овој момент мислам не би било на одмет и предлагам тие истовремено да имаат право и на ова државјанство, односно на Република Македонија под услов местото на нивното раѓаше да биде Македонија.

ФЕРИД САДИКУ:

Мислам дека начелно на Републиката таков закон каков што е предлогот и треба. Меѓутоа, јас би се осврнал најповеќе околу двата предлога на претходните дискутанти господин Петров и господин Ковачевски, па и господин Стојановски кои наведоа некои бројки 30 години. Замислете според тие предлози јас не знам кој ќе остане во Република Македонија. Ние знаеме дека низ цела Југос-лавија па и јас лично сум завршил гимназија во Србија и според тие критериуми ми требаат уште 10 години па да стекнам државјанство на Македонија.

И уште нешто сакав да нагласам околу прашањето кое е поставено од господинот Петров, а одговор добил после скоро година дена. Во последно време мислам дека многу често се манипулира со тоа "прилив". Се знае на која националност се мисли. Јас мислам дека тоа веќе треба да се измени и треба да се употребува зборот "одлив" . Општо позната работа е дека албанското население во последните 10 години се одлива. И не треба една приливофобија да владее овде во Македонија од албанците кои се приливаат кај нас бидејќи општо е познато дека се одливаат. Можеби повеќе од 30% од населението албанци и од Република Македонија и од Косово се надвор од своите места. Според тоа, јас мислам дека треба да се престане еднаш засекогаш. Ако Владата немала податоци колку е тој прилив во Македонија, што значи дека таков прилив и непостои.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:

Најпрвин да изразам полна поддршка на ставовите изнесени од господин Петров, господин Ковачевски и господин Стојановски, а понатаму да дадам лична забелешка на образложението кое што е

дадено од страна на Владата. Сметам дека тоа се премногу широки формулации, особено во делот кога се укажува дека се работи за материја,се вели:  од општо познати и оправдани услови при натурализацијата, а истите како такви се инкорпорирани во повеќе законодавства на други држави. Јас би замолил Владата да изготви еден поконкретен  материјал и   компаративно во табела да ни ги даде на нас пратениците, бидејќи ние не сме стручњаци од таа област, за да имаме увид како тоа други го решавале во демократскиот свет.

Инаку овде беше искажано од пратениците од албанското малцинство, особено на делот на кој се инсистира дека со раѓање би требало да се стекнува државјанство. Тоа е за нив можеби оправдано, но мотивирано од таа стратегија која што е општо позната на ПДП-НДП. Факт е дека масовно од Косово доаѓаат да се породуваат граѓанки кои што воопшто и не живееле во Македонија само по себе укажува што се сака со тоа. А колку длабоко треба да се зафати временски ако не е можен селективниот пристап како што господин Петров го предлага, тоа за мене е идеално решение, тогаш се сложувам со предлогот на господинот Стојановски дека тоа не може да биде помал период од 30 години.

ЦЕЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, кога веќе почнавме со барање, исто така и јас барам од Владата да изготви материјал од кој што ќе се види наназад неколку години, можеби од 1981 година и порано да се види колку е одливот, односно миграцијата на населението и албанци и турци и сите кои што оттогаш наваму мигрирале од Републикава. Веќе кога се зборува за тоа што господоин Голубовски уште и понатаму не нарекува малцинство, јас не знам како, ние   го усвоивме Уставот

и има точен израз за таквите. Затоа молам сите да го почитуваме Уставот како што и го донесовме.

НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:

Јас мислев дека ќе застанеме еднаш од оваа говорница да рекламираме партии, да направиме маркетинг за сопствен имиџ бидејќи се нагласи овде дека овој закон навистина е системски предлог за донесување на закон и треба еднаш и засекогаш да почнеме веќе да логицираме и да расудуваме некои работи и да почнеме без нијанси да донесуваме вакви одлуки за целокупното наше добро и не би прифатил тоа Предлогот за донесување на ваков закон да има партиска обоеност. Досега сме знаеле дека Македонија имаше еден сосема друг статус. Од денеска веќе почнуваме со еден друг статус како независна држава и од 1945 година до денеска треба да елаборираме државјанството на нашите граѓаните, мислам во склопот на Република Македонија и да донесеме еден навистина умесен закон кој што ќе ги задоволи сите граѓани кои што живеат во Македонија. Јас во прилог на овој закон бев задолжен да се заинтересирам како е решено сега во Република Словенија и во Република Хрватска како најнови држави што се раѓаат на почвата на бивша Југославија. Во Република Словенија постои двојно државјанство и во Република Хрватска исто така постои. Имав едно навистина пријатно изненадување што еден наш граѓанин од Република Македонија кој што бил иселен во Република Турција, а работел извесни години во Хрватска, сега ужива право за двојно државјанство и дотичниот граѓанин има и турски пасош, а пред еден месец имаше добиено и хрватски пасош. Јас би се надоврзал со овие граѓани наши кои се иселени во периодот од 1953-1961. Од едно пратеничко

прашање имам една цифра околу 200 илјади граѓани што се иселени во овој период во Република Турција. Јас се залагам и тие да уживаат право за двојно државјанство. Потполно се залагам да нема партиска обоеност, туку нелогично ми испадна тоа 15 години граѓанин за да стекне право за државјанство на Република Македонија треба најмалку 15 години да има стаж за живеење, мислам животен стаж во Македонија. Исто така, во словенечкиот устав и во хрватскиот устав тоа беше решено по 5 години. Зошто овде кај нас се залагаме за 15 години, тоа не ми е јасно.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ

Јас имам едно прашање во врска со член 8 и секако претпоставениот треба да го објасни. Иселеник од Република Македонија како и потомок на трето колено може со природување да стекне државјанство на Република Македонија иако не ги исполнува условите од член 7 став 1, точка 2 и 7 на овој закон. Првото прашање се однесува: врз која правна основа ќе се примени овој член? Второ, која држава во светот го има регулирано ова прашање на овој начин?

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:

Дами и господа, иако ќе звучи како да се повторуваат некои работи, меѓутоа овде во нашето Собрание како по некое непишано правило екстремите како да растат. Има навистина многу селективен и да речам во основа контрадикторен однос ставот 3 од член 26 кој што вели: за граѓани на поранешните републики за стекнување на државјанство треба стаж од 15 години, а за странец со природување стаж од 5 години. Навистина многу селективен, да не речам дискриминаторски однос.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за државјанство на Република Македонија.

Второ, се задолжува Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и забелешките дадени на Предлогот за донесување на законот од работните тела и забелешките од пратениците Тодор Петров, Кирил Ковачевски, како и забелешките кои беа изнесени овде на седницата од другите пратеници.

Кој е за, предложениот заклучок молам, да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали е некој против заклучокот? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за личната карта.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност и Законодавно-правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Законот за личната карта.

2. Се задолжува Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и забелешките дадени на предлогот за донесување на законот од работните тела на Собранието и од пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и забелешките од пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република" Македонија и до Министерството за внатрешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон

за движење и престој на странците.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, Законодавно правната комисија, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Јас би кажал неколку збора.

И овој закон е еден од системските закони и низ неговото поставување и структуирање исто така се одцртува каков систем имаме колку е тој демократски, кои слободи ги дава и на кој начин ги гарантира. Мислам дека во основа Предлогот на законот за донесување и концепцијата што е овде предложена се добри. Мислам дека сите решенија во основа држат но јас би предложил да се размисли уште за неколку работи.

Прво, предлагам да се размисли дали во работата во врска со контролата и движењето и престојот на странците во Република Македонија не треба да имаат поделена надлежност и идното наше Министерство за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи. Повеќе земји во светот се што се однесува до пасошот на странците е врзано обично за Министерството за надворешни работи и ако он не престојува подолго време во земјата нема ни контакт со полицијата, мислам Министерството за внатрешни работи. Од таму треба да се размисли кои работи од контролата и движењето на

странците во Република Македонија треба да се отстапи на идното Министерство за надворешни работи, а кои треба да останат во над-лежност на Министерството за внатрешни работи.

Ова го велам заради тоа што нашето Министерство за надворешни работи очигледно ќе треба да има и други надлежности отколку досега што ги имало, само контакти со дипломатски претставништва и т.н., и со други министерства за надворешни работи. Само ако погледаме како е во САД ќе видиме дека странецот таму пред се ги има контактите со Министерството за надворешни работи, неговите описи и во внатрешноста што ги има и службеници што ги има распоредено по внатрешноста на земјата. Министерството за надворешни работи во демократските земји има свои службеници секаде во земјата, а не само во зградата на Министерството за надворешни работи. Тоа е една сугестија што мислам дека треба да се разгледа и да се побара решение за неа.

Со тоа би се стесниле и надлежностите на Министерството за внатрешни работи бидејќи и Министерството за внатрешни работи сеуште кај нас уште е димензионирано спрема потребите што ги вршело во едно поизминато време кога еден вид друга контрола на странците се вршело. Па и на другите, и на граѓаните на Република Македонија.

Второ прашање за кое сакам да кажам е дека ние ако правиме една либерална, слободна држава, демократска држава, за каква се деклариравме дека ќе ја правиме, од европски тип, а имајќи во вид дека таа држава е сепак мала од околу 2 милиони луѓе треба да понудиме и некои предности на странците кои од таков вид држави ги нудат многу успешно во светот и кои врз основа на тоа

и својот економски развој и просперитет го засниваат. Мислам дека е потребно постојаниот престој, кој е овде како категорија наведен, во одредени услови да дава можност странецот кој постојано престојува во Република Македонија ако исполнува одредени услови да може да добие пасош за странец кој е во постојан престој во Републиката. И со таков пасош да може да се движи и во светот. Такви патни исправи, пасоши имаат неколку земји од кои јас би го спомнал само Сингапур. Кај Сингапур се четири основи.

- да има сталeн депозит од милион долари во националните банки или една од банките, деловните банки, или во своја банка која ја основал во Сингапур. Додека го има и право на тој пасош, сингапурски пасош на странец со сталeн престој. Такви ги има многу во Сингапур и многу пари дошле таму заради таа работа;

- депонирана изјава дека не се бавел и не се бави со трговија со оружје и дрога;

- не припаѓа на терористичка организација и не помага терористичка организација. Таква институција постои не само во Сингапур, има во Панама и некои други земји, мислам дека сега има и Луксенбург и на таа основа доаѓа и голем прилив на капитал во тие земји. Некаде е на друго место. Во Андора е колку што знам 200 илјади долари не да бидат депозит туку да бидат во било која банка и да се трошат низ реализација на проекти во Андора,во земјата. Со такво отворање предноста да се движи со таков пасош е многу значајна за деловни луѓе кои се инаку чисти, но само заради пасошот на некои од земјите кои имаат лоши илузии во меѓународните односи, па имаат компликации (Ирачани, Иранци, незнам кои други), не мислам ништо лошо за тие земји, но сакам да кажам дека такви деловни луѓе можат да дојдат овде, да бидат на постојан

престој додека тој услов им трае. После го губат правото на носење на таков пасош и на постојан престој. Се разбира тоа право се разликува од правото на постојан престој како е овде дадено. Не би се издерогирало тоа право, би останало, но не и право да се носи таков македонски пасош кој не е пасош на македонски државјанин. Тоа значи дека ние кога ќе дојдеме до законот за патните исправи ќе треба да имаме две категории, за македонски државјани, државјани на Македонија кои ќе имаат право на пасош и друг вид пасош кој ќе го имаат странци кои се во постојан престој и исполнуваат одредени услови.

Друго, мислам дека овде има еден недостиг кој треба да го исправиме. Странецот би се движел низ Македонија постојано со пасош. Значи, странецот вака како што е овде добива виза и стално кога би се движел низ Македонија ако биде легитимиран би требало да биде легитимиран, неговиот идентитет да се утврди врз основа на пасош и визата што ја има. Во другите земји тоа е поинаку. Врз основа на пасошот и издадената виза постои закон според кој они имаат право на резидент карта. Таа е исто како лична карта, има друга форма, има други ознаки и со тие свои лични карти слободно се движат во земјата секој оној кој останува повеќе од шест месеци. Тоа си е пропис, си добива врз основа на службената виза, деловната виза, студентската виза и визата за стален прстој, треба да се каже кои се се тие визи. На тој начин странецот си останува странец со права на странец а не на државјанин, но тој има слобода на движењето и си има свои личен документ, не мора стално пасошот да го носи, што е инаку и незгодно, бидејќи може да се изгуби и т.н. Тие угодности на странците на странски земји им ги упатува.

Овие напомени и сугестии предлагам да се земат предвид, проучат и да се видат дали можат да се решат уште кога ќе се подготвува Нацртот и Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за движење и престој на странците.

2. Се задолжува Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и забелешките дадени на Предлогот за донесување на законот од работните тела и од пратеникот Тодор Петров, како и овде искажаните сугестии.

3. Овој заклучок заедно со извештаите од работните тела, забелешките од пратеникот Тодор Петров и предлозите изнесени на седница, да се доставаат до Владата на Република Македонија и до Министерството на внатрешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката б - Предлог за донесување закон за санитарна и здравствена инспекција.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за здравство, Комисијата за општествен надзор и претставки.

Комисијата за заштита на човековата околина и Законодавно-правната комисија, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се дос-тавени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Гулистана Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, ова е втор закон од групата сис-темски закони донесени до Министерството за здравство, покрај За-конот за здравство. Всушност го заокружува работењето и на ова министерство, како и на Службата која што работи во протекторат на Министерството за здравство, односно како негов составен дел во овој случај санитарната и сега веќе здравствена инспекција.

Се јавив во служба на известител од Комисијата да го поддр-жам донесувањето на овој закон со забелешките што беа искажани не само на нашата комисија, туку и на другите комисии овде спомнати особено со едно бараше до Министерството за правосудство во одделот на казнени одредби доколку ваков еден закон и сите други закони што би ги носеле за работа на инспекциските служби се во ваков обем, тогаш ќе предложам навистина да нема никаква потреба од ноесење на нови закони. Казната од 1000 динари до 2000 динари максимум на при-ватно лице односно на претпријатие или лице приватно што се занима-ва со било која друга дејност од обалста на угостителство, или би-ло која надворешно-трговска и внатрешно-трговска работа дваесет илјади се навистина смешни. На тој начин ние ги ставаме инспекторите во позиција само на луѓе кои  што ќе ги посетуваат овие организа-ции без било каква можност да променат нешто во нивната работа.

Според тоа, бидејќи ми се објасни дека овие казнени од-редби се преземени од соодветниот закон за прекршоци и се работи само за закон во форма на предлог за донесување, барам промена на Законот за прекршоци во кој што казната би одела за физичките и правните лица до 500 илјади динари, каде што некаде е дадено во забелешките, или нивно поголемо усовршување доколку сакаме овие инспекциски служби да ни работат и работата да ни оди како што треба.

Второ, во членот 14 став 3 во кој што се прави еден ис-клучок и се вели дела затворањето на било која установа може по исклучок да се наруши доколку тоа го бара повисокиот општествен ин-терес. Ова е еден политички став, идеолошки обоен во кој што до-сега работеа телефоните односно се јавуваа други за да одредени установи не работат. Мислам дека тоа треба да биде исклучено за да може инспекторот да ја обавува својата дејност и одредени прет-пријатија, установи бидат затворени доколку непосредно го загро-зуваат здравјето и животот на луѓето односно се јавуваат во улога на загадувачи на почвата, водата и воздухот и тука да нема никак-ви други можности за интервенција од страна.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Пред-логот за донесување на закон за санитарна и здравствена инспекција.

2. Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид

мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Заедно со извештаите од Законодавно-правната комисија, Комисијата за здравство, Комисијата за заштита на човековата око-лина и Комисијата за општествен надзор и претставки и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за здравство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за основните права на пензис-кото и инвалидското осигурување, со Предлогот на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на за-конот и извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Михаил Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ;

Почитувнаи пратеници, почитувано претседателство,

Предлагам Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за основните права за пензиско и инвалид-ско осигурување да се донесе на една од наредните сендици, од при-чини што сега ке ги наведам.

Мислам дека со овие измени во Законот се погодуваат онаа категорија борци од времето на НОБ, кои на својот грб го изнесоа главниот товар на војанта. Тие борци за време на војната беа во првите борбени редови, а некои други кои што беа на страна, сега земаат по 4 или по 5 пати поголеми пен зии од оваа категорија борци. Фактички оваа категорија е и најмногубројна. Цело време после војната не можела да дојде на ниедна позначајна функција и со самото тоа пензиите кои што сега ги земаат се на работ на една егзистенција. Затоа предлагам Владата да го разгледа овој Закон, да ја смали разликата мегу максималните и минималните пен зии, бидејки има борци што земаат навистина огромни пензии, но главната категорија борци со ова би била погодена.

Исто така, тука спаѓаат и оние борци од Елас и Ноден кои што со овој Закон над 90% би биле погодени. Не смееме како држава да дозволиме, тие што гинеле и крвавеле за оваа држава да бидат доведнеи на работ на голата егзистенција.

Ќе кажам еден пример дека во Канада борците кои што се бореле за време на Втората светска војна, државата Канада ги цени, ги почитува и им дава пристојни пензии за егзистенција. Затоа, мислам дека ние како држава треб ада сториме се да не ги доведеме тие луге што се бореле за оваа наша Македонија на питачки стап. Но, се разбира, предлагам Министерството за труд да има предвид

некои борци кои биле на врвни позиции примаат огромни пензии, кои за мене не соодветствуваат на денешново време.

Сметам и молам ова да биде изгласано и покрај тоа што одредени структури од Претседателството на боречката организација го злоупотребија тоа што таа е надпартиска организација и за време на преизборите се ставија во еден сервис на одредени партии. Затоа мислам дека и покрај тоа што тоа Претседателство на боречката орга-низација го злозупотреби своето огромно членство, да не се ориен-тираме по тие луге што се таму.

Исто така, сакам да ја прашам Владата на Македонија дали размислува за промена на стариот неуставен закон што го доне-се Извршниот совет 1989 година во кој гласеше дека најниските инва-лидски пензии не смеат да се изедначуваат го загарантираниот личен доход на Републиката. Со тој Закон најниските инвалидски пензионери беа оштетени за 50% помалку од останатите. Исто така, тоа е една голема категорија на пензионери. Се претпоставува дека околу 42 илја-

ди пензионери со тоа се оштетени.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претре-

сот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основните права од пензис-кото и инвалидското осигурување.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваата рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Закон. При тоа обрнувам внимание дека учествувајки во расправата пратеникот Михајло Пановски се изјас-ни против тоа денес да се донесе овој Закон и наведе причини зошто. Но предлогот на Владата е да се донесе. Затоа Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (45 пратеници)

Дали е некој против? (35 против)

Дали има некој воздржан? (5 воздржани)

Според тоа констатирам дека е усвоен Предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмни на члено-вите 1,2 и 3 , а пратеникот тодор Петров поднесе амандмани на чле-новите 2 и 4 со којс е согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Со амандманите на членовите 1 и 3 поднесени од пратени-кот Тодор Петров и со Амандманот на членот 3 поднесен од пратеникот Никола Стојановски претставникот на предлагачот не се согласи.

Отворам претрес по Амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Се јавив за збор за да ја објаснам контрадикторноста на мислењето на Владата по амандамнот 1, заради тоа што Владата во своето мислење по овој амандман наведува дека пратеникот е кон-традикторен во барањето и заради тоа дава негативно мислење.

Сметам дека никој не го оспорува фактот дека навистина на категоријата грагани кои учествувале во НОБ и Револуции да им се утврдат посебни права кои што и Уставот на Република Македонија бил утврдуван. Меѓутоа, промените во поглед на уставно-правното уредување на Републиката во досегашниот статус на членка на Бивша-та федерација во посебна самостојна држава налага промена и на законските решенија кои што обезбедуваат определени посебни повлас-тици и привилегии за оваа категорија на граќани, согласно материјал-нтие можности на стопанството и финансиските можности кои што ги обезбедува рамковно Буџетот на Републиката.

Од тие причини, сметам дека, бидејки не се извршени измени системски на Законот за осовните права за пензиско и инвалид-ско осигурување, во кој што ке се размислува, а не само за ова, туку и за сите категории на грагани, ако работниците како пензсика основица го имаат 10-годишниот просек на најголеми лични доходи, за време на својот работен стаж, тогаш лицата кои се учесници во НОВ пред 9 септемвир 1994 година, се веке повластени со тоа што нивна пен зиска основица претставува личниот доход во стопанството за последната година. И од тие причини предлагам повластувањето од 30% зголемување, да се укине, бидејки еднаш се ставени во повлас-тена положба. Владата не го скрати тој мој амандман и наведува дека тој мој предлог е контрадикторен, иако амандманот е сосема логичен.

Би сакал да укажам дека еднаш ова Собрание водеше расправа, ја задолживме Владата и надлежната самоуправна интресна заедница за пензиско и инвалидско осигурување да поведе сметка за категориајта земјоделци, кои исто така се борци кои примаат пензија. Ние имавме прилика да добиеме и една таква телеграма, тоа се околу 3,000 луѓе, кои навистина биле учесници во оваа НОВ, меѓу-тоа, не го примаат просекот на личниот доход од последната година по основ на пензија, туку примаат земјоделска пензија која изнесува максимум 100 динари.

Од тие причини, Владата беше задолжена од овој Парламент да изнајде можности во Буџетот на Републиката, барем за оваа категорија, бидејки се бореле за исти цели, како и овие останатите за кои што сега се предлага усогласување по основ на корекција со сојузниот показател на републички показател, просечен личен доход во Републиката, меѓутоа, ние до денес такво решение немаме и затоа е во доста не повластена положба ставена категоријата од околу 3.000 пензионери земјоделци кои што и покрај овие измени, ќе останат на нивото од околу 100 динари, што значи ниту една марка месечни лични примања, за опстанок и егзистенција.

Од тие причини сметам дека не зависно што можеби усогласувањето би се постигнало за 2-3 месеци со републичкиот просек, сметам дека и работниот заклучок на Комсиијата за социјална политика и турд да биде "дополнет, системскиот закон за основните права за пензиско и инвалидско осигурување во кој ќе бидат земени предвид изедначувањата на правата по однос на пензиско и инвалидско осигурување да биде донесен во што пократок рок, макар и во рок од 1 месец. Од тие прични останувам на предложениот амандман, а Владата интервентно да делува. Сметам дека доста позитивен беше предлогот кој

што е даден во процедура од пратеникот Гештаковски кој овој Парламент треба да го поддржи , по однос на оваа категорија лица земјоделци кои што примаат толку ниски примања, и во таа насока предлагам амандманот да биде усвоен од Парламентот.

ИЛЈАЗ САБИРУ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Мислам дека овој амандман господинот Петров што го предлага, ние не го прифативме и на самата комисија на Владата, од причина што господинот Петров предлага да се укине 30% што се зголемени досега пензиите на ова категорија на борци.

Ние такво решение не можеме да прифатиме, од причини што отидовме со една мала корекција со оваа измена и дополнвување на Законот, а и на Комисијата за труд, исто така и од други пратеници имавме такви предлози да не се прифати таквото решение во Законот и цениме дека доколку се прифати и ова решение да не се валорзира за 30%, тоа во голема мера би се одразило на стандардот на ова категорија на борци и сигурно овој Парламент не знам како би одлучил,

Од тие причини ние како Влада не можеме да го прифатиме, бидејки со овие инфлаторни движења цениме дека таа реализација од 305 на пензиската основа да остане и во наредниот период, но тоа да биде со македонски просек.

Доколку тоа денеска не се прифати по оваа расправа, доколку не се прифати нашиот предлог, тогаш останува она право што ние го предложивме да се нивелизира на македонски просек, бидејќи југословенски просек ние како Влада не можеме да издесјствуваме или изведеме, ќе мораат тие пензионери да ги примаат овие пензии

со оваа валоризација, за кои во голема мера ќе имаме потешкотии со обезбедување на средствата во Буџетот на Република Македонија бидејќи за таа категорија на борци се предвидува износи на средства во рамките на македонскиот просек. Но со оглед дека Буџетот се уште не е донесен конечно, веројатно Парламентот има право и така ќе одлучи, за оваа категорија на борци се обезбедува овој износ на пензија кој досега го прима. Тоа е во врска со амандманот. Додека со второто прашање, односно предлог на господинот Петров борците земјоделци да го имаат истиот статус, односно некои бенефицирани прва, што новиот Устав им ги гарантира, точно е тоа и ние го прифативме и како Парламент и како Влада, до март месец да излеземе со анализа, а во системсккиот закон за пензиско и инвалидско осигурување кој е по програмата на Собранието и Валдата и на денешна седница ќе дојде на дневен ред, се предвидува тоа да биде предлог за донесување во мај месец пред тој рок ние ниту можеме, ниту сме во состојба тоа да го предложиме како закон, а во системскиот закон тоа апсолутно го прифаќаме, и тогаш го прифативме и за работниот заклучок на Собранието да се има предвид и за оваа категорија на борци, 3.000 или колку се, да се регулира и да се обезбедуваат тие права кои треба да ги уживаат и оваа категорија како и другите борци. Но бидејки сега не се отвара расправа по амандманот на Стојановски јас не би сакал по тоа да дискутирам.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас лично очекував од министерот дополнително изјаснување на кој начин и до кои средства ќе се врши оваа плаќање. Ние од ден 17. XI. 1991 година сме самостојна држава , а сеуште наплаќаме некои сојузни даноци на промет и ги сметаме како средства на извор кој не ги плаќаме во сојузната каса.

Се поставува прашање, немаме сојузна држава, наплаќаме сојузен данок, не го плаќаме таму, а сме самостојни. Сега ќе треба од тие несигурни средства да плаќаме некои категории. Јас го молам министерот, додека не кажам свое заокружвување на зборот, да објасни од каде овие средства,  затоа што гледам по бројот ние ке треба да примиме одозгора од сојузот некаде окллу цирка 9.000, меѓутоа имаме уште други кои се плаќаат по исти оцени. Од каде средства? Ќе земеме обврска, а не ѓе можеме да ги плаќаме.

ИЛЈАЗ САБРИУ:

Точниот број на оваа категорија на борци што ги преземаме од Сојузниот закон, односно од основниот закон за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 8.526 корисника на пензија. Од каде средства? Средтвата бидејки ние не ги улатувавме во Сојузниот буџет, тие средства се наменски за оваа категорија на борци и ние од тие средства во Буџетот на Републиката ќе мора да ги исплатуваме овие пензии. А биланските дали ќе ни бидат доволни тие средства, или нема да бидат доволни за тоа треба да направиме друга математика, бидејки ако не се прифати ова наше решение кое ние денеска го предложивме, тоа би значело да одиме и на зголемување на тој износ кој беше околу 1.400 милиони динари во Буџетот како нацрт.

Доколку оваа категорија останува со истите права што ги имаа корисниците досега, веројатно тој износ ќе биде зголемен, а за колку и како не би сакал сега апроксимативно да кажам, треба да направиме точна математика. Но изворниот приход е од Буџетот на Републиката, бидејки сојуз нема веќе и тие средства беа наменети за оваа категорија.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Дали има некој против?(Пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласањето? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманоит на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 3 поднесен од пртеникот Тодор Петров.

Молам, дали некој бара збор?

Пратеникот Тодор Петров се произнесе дека го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Има збор господин Бранко Арсовски.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Комисијата за труд и социјална политика на две седници расправаше по поднесениот амандман на член 3, став 2 на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основните од пензиското и инвалидското осигурување поднесен од Никола Стојановски, инаку член на Комисијата за труд и социјална политика и го прифати како свој од повеќе причини.

Прво, во согласност со член 36 од Уставот на Република Македонија, Републиката им гарантира посебни права на борците од НОВ од Македонија, а на тој начин и на оваа категорија граѓани учесници во НОВ до 9.IX.1943 година и им обезбедува одредена социјална и економска сигурност.

Второ, бројот на оваа категорија граѓани учесници во НОВ до 9.IX.1943 година не е така голем изнесува 8526 корисници, со просечна возраст од 70 до 80 години. Значи, се наоѓаат во длабока старост, со нарушена здравствена состојба со изразени соматски и друг вид на болести, со потреба од туѓа нега и друг вид на помош.

Трето во оваа категорија на граѓани паѓаат борците, воените инвалиди, повратници од Источноевропските земји и борците од Егејскиот дел од Македонија, посебно од Егејскиот чие учество е една четвртина од вкупниот број или поточно преку 2300, без да имаат додатни и друг вид материјални средства. Ова пензиско примање им претстасвува основен извор за нивна лична и семејна егзистенција.

Четврто,со прифаќањето на понудениот текст на Предлогот на законот поднесен од Министерството за труд и социјална политика, односно Владата, а кој практично нуди замрзнување на пензиите на напред посочените учесници во НОВ односно борци, најдиректно ќе се одрази на нивниот животен стандард бидејќи пензиите на овие граѓани се движат од 5 до 8 иљади динари со максимален износ од 11040 динари, при што во извесна смисла ќе ги девалвира животните вредности на овие граѓани за повеќе од 30 до 40%.

Петто, Комисијата стои на становиште сите промени што треба да се прават во рамките на Законот за ПИОМ да не се прават

парцијално, туку системски при што императивно се налага нов

модел на ПИОМ, меѓутоа да се гради врз новите економски и социјални

основи и во тој актуелен момент треба да се разсмислува за сите

институти преку кои ќе се обезбедуваат правата и обврските на оси-

гурениците по основ на ПИО во целина.

Шесто, имајќи ги предвид напред наведените и многу други причини кои во себе содржат доволно агрументи, Комисијата му предлага на Собранието да го прифати поднесениот амандман од Никола Стојановски.

Во рамките на напред посочените причини на Комисијата е препознатливо и моето лично мислење како пратеник на Социјалистичката партија, како и програмската определба на оваа партија.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Никола Стојановски.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Предлогот на закон се однесува само на боречките пензии во кои е содржана одредбата да се замрзне висината на гарантираните пензии и тие да не се усогласуват се додека тие не се израмнат со другите пензии од работен однос. Со гарантирани, а не привилегирани пензии како некои што сакаат да кажат тоа се оние борци кои не успеале во својот работен век да создадат доволно стаж да им се обезбеди редовна пензија.

Со овој предлог на закон ќе бидат засегнати 8526 борци, меѓу кои голем дел

односно преку 2 илјади се од Егејскиот дел на Македонија и се со најниски пензии.

Доколку се усвои предложениот закон пензиите на овие борци од пред 9.IX.1043 година ќе се смали за околу 2,5 до 3 илјади динари. Имено иако е предвидено конечно донесување на нов закон за ПИО во кој што би се регулирал целиот систем, со вакво делумно третирање на само едно прашање од инвалидско-боречката заштита се создава впечаток за удар по правата на борците.

Сето ова ги вознемирува борците, ја нарушува нивната општествена и финансиска сигурност и е нехумано.

Имено, сите борци се на крајот на животниот пат и со нарушено здравје. Веруваат дека државата, за чие создавање вложија огомен придонес, уште повќе ќе ја зголемува грижата за нивната заштита, а не да се доведе во прашање нивното право.

Впрочем, за да се отстрани таквата опастност Уставот на Република Македонија содржи одредба во членот 36, во кој се вели дека на учесниците од НОВ им се обезбедуаат посебни права во нивната заштита.

Имајќи го предвид сето ова, предлагам сегашниот обем и ниво на правата на учесниците во НОВ односно во целиот систем на боречко-инвалидската заштита да се задржи во потполност и никако да не се смалува. Позитивно да се зацврстува и сообразува со можноста да се зголемува. Сето тоа да се вгради во републичкото законодавство, а Републичкиот буџет во потполност да ги преземе досегашните обврски од сојузниот буџет.

Исто така, предлагам да се прифати амандманот со што ќе се заштитат стекнатите права на оваа категорија броци што им е загарантирано со уставните одредби за посебен статус на борци.

СТОЈАН АДНОВ:

Има збор господин Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Сакам само да кажам дека амандманот на претходниот дискутант во потполност ги одразува моите заложби од претходното излагање и сакам да ги повикам сите пратеници да го изгласаат овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ешреф Алиу.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

По се изгледа не така сериозна и со голема сигурност поседуваме знаења околу проблематиката што е на дневен ред.

Сакам да апелирам до сите пратеници, ангажман посебен за едно внимание, почит, хуманост и коректен став и однос кон сите пензионери, граѓани на Република Македонија, со посебна почит кон оние што ја носеа на грб, НОВ и револуцијата.

Да посочам само една работа, лично ме побара пензионер кој е многу задоволен од својата пензија а загрижен е од категоријата пензионери борци за кои на време општеството оценило дека ним им треба заштитен додаток за да можат да продолжат да имаат малку попристоен живот.

Да не ве задржувам повеќе многу ми е до тоа тие носители на револуцијата, пензионери, чесни граѓани на оваа Република да сватат дека ние, сегашната гарнитура на пратеници кон нив се однесуваме со почит и ние и Владата со сигурност.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Ќе се обидам сосема накратко да не ги повторувам зборовите на претходните учесници во расправата, а посебно зборовите нагосподин Ешреф Алиу.

Во овие сложени економски услови мора да водиме сметка за положбата, за стандардот апсолутно на сите слоеви во општеството, меѓутоа посебно спрема пензионерите и, во таа смисла, посебно спрема ветераните кои се најдоа на страната на антихитлеровската коалиција и ветераните кои на свој грб ја изнесоа НОВ и придонесоа за создавање на Првата македонска држава.

Во таа смисла, сакам да кажам само следно, апсолутно не станува збор за пензионери од војната кои имаат, спрема овде некакви квалификации така наречени привилегирани пензии. Станува збор, прво за пензионери од војната кои се меѓу првиоте учесници во НОБ, претежно членови на првите одреди "Сава Михајлов" "Добри Даскалот" "Гоце Делчев" и тн, луѓе кои подолго време останаа и после ослободувањето со своите преокупации, луѓе кои немаа време да се дообразуваат, луѓе кои кога дојдоа новообразовани генерации ги истиснаа од нивните работни места и мораа да заминат во пензија многу порано отколку што би можеле во други услови да останат и кои и по тој основ и заради тоа што немаа соодветно образование останаа со пониска основица на пензиите.

Оттука е сосема оправдано тоа што на време општеството го согледало како пиетет и почит спрема тоа што го дадоа за денешната заедница да бидат на ниво на една загарантирана пензија

заштитени со одреден додаток. За мене, еднаш кога се стапува во пензија се дефинира пензиската основица. На вакво начин, ние сега правиме преседан и фактички со ова решение ја редефинираме пензиската основица што е апсолутно неприфатлива и од правна гледна точка иако сум лаик заради тоа што знам дека еднаш стекнатото право не може на никаков друг начин да биде нарушено.

Оттука, имајќи го сето тоа предвид и имајќи предвид дека се работи за околу 7-8 илјади уживатели на таа пензија, имајќи предвид дека се тука сите инвалиди што се вратиле од источните земји, дека се работи за борците од Егејскиот дел од Македонија кои според некои мои согледувања се повеќе од една третина или спрема некои податоци повеќе од една четвртина колку што јас можев да видам повеќе од една четвртина мислам дека треба да го поддржиме амандманот и на таков начин да покажеме дека во новосоздадените услови ќе постапиме според тоа што го зацртавме во Уствот во член 36 за помош и посебна грижа спрема оваа категорија на пензионери.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Се придружувам кон говорите што другарите ги образложија и со една друга напомена.

Се работи за дел на пензионери кои веќе од ден на ден нивниот број се смалува. Плус тоа, луѓе на 70-годишна возраст и постари, а помлади никако. Би било потребно од хумана гледна точка да се поддржи овој амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Не е убаво овде вака да се сопштува. Луѓето се стари. Само толку. Треба да им посакаме здравје.

Има збор господинот Минов.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници, во функција на поддржување на Предлогот на законот, аргументите за тоа се тие што овој предлог на закон во оваа содржина, фактички е резултат на од овој Парламент донесените мерки за надминување на општествено-економската положба во Република Македонија, како и мерките посебно мерките во ПИО. Сметам дека реалноста на предложениот закон е во тоа што, како што и во самиот закон е образложено, дека бидејќи реално југословенски просек неможе да се формира, нормално е да се земе републички просек, а она што значи заштита на која алудира и поднесениот амандман од колегата пратеник Никола Стојановски, е веќе содржано во членот 3 од самиот закон каде што вели дека затекнатиот износ ќе се задржи до времето на усогласувањето.

Јас наполно се согласувам со тоа дека, неспорна е категоријата на уживатели на овој вид на пензија и не треба со никаква мерка ниту потег да се девалвираат нивните заслуги и сето она што го имаат сторено, но мислам кога ќе се анализира другата страна, а тоа се изворите на средства за задржување на тие привилегирани пари, тоа се оние исти извори на средства од Буџетот во вид на даноци и други извори на средства што паѓаат на товар на целокупното граѓанство и мислам дека во изјаснувањето по овој амандман, а во функција на утврдувњето на предложениот закон треба тоа да се има предвид.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стојан Ковачевски.

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ

Поддржувајќи го амандманот на Никола Стојановски, сакам да кажам дека односот кон борците, кон учесниците во антифашистичката војна и отпорите кон фашизмот е цивилизациско прашање и не е прашање само на Македонија, туку е прашање пошироко во светот.

Деновиве бев импресиониран од еден податок во Сојузот на борците во Струга кога рекоа дека со Потврда од подрачните единици од Сојузот на борците од општините во Македонија, граѓаните што привремено се вработени и живеат во Австралија уживаат посебен додаток од неколку стотини австралиски долари како заслуга за учеството во антифашистичкиот отопор во Втората светска војна.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на овој амандман, бидејќи е спротивен на текстот на законот, сметам дека Владата треба дополнително да се произнесе дали постојат материјални основи овој амандман да стапи на сила. Тоа што сметаме како волја е едно, меѓутоа материјалните можности се друго. На тој дел треба да се осврмене.

Нормално, Канада има можности, ние да имаме и ќе ги зголемиме и ќе исплаќаме по сојузен просек. Меѓутоа, бидејќи зад овој текст стои Владата, Владата треба да каже за секој предлог бидејќи за секој закон треба претходно да се обезбедат средства и тие со закон да се распределат. Владата треба да каже дали ќе изнајде дополнителни можности овој амандман да го спроведе во сила.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Стојановски.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Најнапред да кажам дека го поддржувам амандманот предложен од господинот Никола Стојановски за категоријата за која се однесува амандманот и кој го третира предлогот за измена и дополнување на законот. Но, исто така мислам дека не треба да останеме должни во оваа прилика за еден огромен дел пензионери кои веќе се доведени во ситуација на социјална категорија.

Јасно ми е дека со овој закон не можеме овој проблем да го решиме. Се работи за дел на пензионери и тоа многу поголем дел од претходно спомнатата бројка, кои, работејќи во својот работен век од 25-30-35 и 40 години, а пред се согласно на критериумите од системот на остварувањето на пензиската основица и начинот на распределбата на доходот кој бил во постојниот систем, без разлика на нивното вложување во работниот век во однос на материјалната основа и создавање на нови вредности, туку со самиот прост и едноставен факт дека се наоѓале во организации кои биле во поинаква положба во економскиот систем дојдени сме во ситуација што едвај крај со крај составуваат денеска.

Од тие причини мислам дека е упатено ова Собрание, а би сакал да чујам и конкретни мислења од министерот овде на оваа седница дали Владата размислува за целосен претрес на пензискиот систем, што мислам дека е единствено решение за понатаму.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение)

Дојдени се во ситуација што едвај крај со крај составуваат денеска. Од тие причини мислам дека и упатно е ова Собрание, а би сакал да чујам и конкретни мислења од министерот овде на оваа седница денес дали Владата размислува за целосен претрес на пензискиот систем, што мислам дека е единствено решение за понатаму. СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Цветковски.

Се разбира, не е за целиот единствен пензиски систем, туку за амандманот господине Цветковски.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, поддржувајќи го амандманот на Стојанов, ние должен сум да кажам на Комисијата за труд и социјала имавме дискусија и за еден друг проблем. Имено, се постави прашањето како и на кој начин да се разреши проблемот и на тие македонци кои во послевоениот период на некој начин имаат направена една, така да кажам општествена луксација поради тоа што се бореле за правото, да не кажам на самостојноста на Македонија и дека би било исто така поштено ние тука дали со посебни акти или на посебно собрание го решиме статусот на тие луѓе на некој начин за да им се изврши покрај моралната сатисфакција, исто така, до колку постојат потреби и за материјална сатисфакција.

На крајот, да кажам и тоа, иако овие луѓе и јас како лекари и сите вие им пожелуваме долг живот на оваа категорија за која се зборува, не можам  а да не кажам дека тоа е всушност категорија која е најмалку во можност било на кој начин со друга надокнада

на работа на некој начин егзистирањето си го надополнува од една страна. Од друга страна сакам да кажам кога стана збор за средствата за разрешување на проблемот на најниските и највисоките пензии мислам дека можеби е време ние покрај разрешувањето на најниските пензии, исто така да мислиме и на тие енормно високи пензии на луѓе кои, иако како високи функционери дали било во полиција итн. оделе со последната плата итн., така што сега во сегашните услови земаат енормно високи пензии, а додека некои други се борат за гола егзистенција.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, да не бидам погрешно сфатен јас не сум за онаа категорија на борци кои имаат навистина низок личен доход. Меѓутоа, ние од оваа говорница воопшто никогаш не ги спомнуваме земјоделците, кои исто така се борци, биле учесници во НОБ, меѓутоа имаат пензии од илјада динари. А услов е тој што тие имаат на некој начин два до три декари земја, или ако држи една крава му се смета како доход и нема право да оствари поголема пензија. Молам, да не бидам погрешно разбран или што е со онаа категорија на земјоделци кои добиваат 100 динари пензија. Молам, ако погрешно сум разбран да бидам демантиран.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, имаме амандман и одиме само по амандмани. Овој амандман го знаете, за него расправавме и бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака. (62).

Кој е против? (5).

Дали некој се воздржа од гласање? (9).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3, став 2 поднесен од пратеникот Никола Стојановски.

Продолжуваме по текстот на предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Да престанеме со постапката на гласање, бидејќи министерот бара да интервенира нешто во врска со ова.

ИЛЈАЗ САБРИУ:

Сметав дека ќе се изгласа и нема потреба да се вратиме за амандманот, бидејќи тоа е право на Собранието. Како ќе гласа така и така се изгласа. Но бидејќи тој амандман сега се изгласа односно отпадна, текстот односно законот е неспроведлив, тогаш треба да предложам да отпадне член 1 од овој закон, бидејќи тука се зборува од југословенски се преминува на македонски просек, а амандманот е спротивен на тој, тогаш да отпадне член 1, останува само член 2 член 3, а наместо член 3, алинеа 2 што отпаѓа, се додава нова алинеа дека износот односно досегашниот износ на исплатените пензии продолжува и во наредниот период. Со тоа ќе можеме да го спроведеме законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е во ред, само дали сега ви е јасно што тој сега предлага? (Јасно е),

Ако е јасно, со тие измени како амандмани на Владата, прво, тие стануваат составен дел на законот на Владата и законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (73).

Дали некој е против Законот?(4).

Дали има некој воздржан од гласање? (3).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основните права на пензиско и инвалидско осигурување.

По повод на донесувањето на Законот, Комисијата за труд и социјална политика предлага Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при изготвувањето на новиот системски закон за пензиското и инвалидското осигурување или во другите закони од областа на боречката и инвалидската заштита, покрај решението за борците, да се предвидат решенија за обезбедување права на лицата кои се прогонувани и затворани за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (71).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (7).

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок.

Ние работиме скоро повеќе од два часа и предлагам една пауза пократка, а потоа да правиме пауза за ручек.

Дали се согласуваме. (Се согласуваат).

Има еден амандман за "МИА" поднесен од Љубомир Јакимовски и предлагам Комисијата да седне и малку да го види. Тоа е на одлу-ката.

(Пауза од 30 минути).

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на точката 8. - Предлог на одлука за основање на Македонска информативна агенција "МИА".

Предлогот на одлуката и извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за општествено-политички систем ви се поделени, односно доставени.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, алинеа 1 за внесување нов став по ставот 2, на членот 7 и на членот 8, став 2.

Со овие амандмани се согласил предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

Исто така, амандман поднесе и Комисијата за општесвено-политички систем на член 1 став 1 со кој не се согласил предлагачот.

Молам, службите се обврзуваат да го повикаат секретарот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1 поднесен од Комисијата за општествено-политички систем.

Дали некој бара збор? (Никој).

Дали треба да се појасни нешто од предлагачот? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (28).

Кој е против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (23).

Констатирам дека Собранието не го усвои, само се поставува едно прашање сега 28 и 23,51 и тројца 54 гласаа. Да видиме дали ние имаме доволен број од овде. Јас овде можам да констатирам дека не добил мнозинство, но потребно е да се избројат пратениците колку имаме. Значи, 77 се присутни, но некои од нив не гласале.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 1, став 1 поднесен од Комисијата за општествено-политички систем.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (66).

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден).

Констатирам дека Одлуката за основање на Македонската информативна агенција е усвоена.

Сега треба да поминеме на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име, но токму по овој закон работи Законодавно-правната комисија и седницата е во тек.

Тогаш, ова малку да го оставиме, да причекаме, додека бидеме известени за исходот на седницата на Комисијата и да минеме на следната точка.

Минуваме на точка 10. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за гаранција, трет проект за секторот за патишта со Меѓународната банка за обнова и развој.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам пререс по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Благој Тошев.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, нашата Комисија во целост го прифати Предлог-законот за донесување по итна постапка за ратификација. Но, истовремено имам една забелешка од која што може да се види дека Владата укажува дека со донесувањето на Декларацијата за независност и Уставот на Република Македонија со која Републиката е прогласена за суверена држава, како и со нефункционирањето на Сојузното собрание ратификацијата на меѓународните договори ги врши Собранието на Република Македонија, член 68 став 1 алинеа 6, кој што нормално во Уставот е член 68 каде што вели дека ратификува меѓународни договори, значи Собранието на Република Македонија. Во понатамошниот текст вели "донесувањето на законот за ратификација на спогодбата за гаранција и услов за постигање на оперативност на одобрениот заем по кој заемоприматeл е СИЗ-от за патишта на Македонија. Бидејќи мене ова не ми беше јасно се консултирав со претседателот на Владата господинот Кљусев и ми рече дека е ова нешто не е во ред. Затоа

што според Уставот ние немаме СИЗ за патишта. Според тоа бидејќи не е тука министерот за урбанизам, градежништво и екологија сметам дека овој СИЗ треба да премине во дирекција како што се консултирав со претседателот на Владата под итна постапка да си ја преземе министерот оваа работа, така што да премине овој СИЗ во Дирекција за патишта со самостоен легитимитет во склоп на Министерството за градежништво, урбанизам и екологија. Молам, ова да се уважи.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, тоа не е врзано за оваа гаранција која што ја дава Собранието, а тоа е една напомена за која треба да се поведе сметка во работата на Владата.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (74). Дали има
некој против? (Нема). Дали е некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за гаранција - III проект за Секторот за патишта со Меѓународната банка за обнова и развој.

Минуваме на точка 11 - Предлог на заклучоци по Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година.

Предлогот на заклучоците и извештаите на  Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за стопанство, мислењето на Владата на Република Македонија и пречистениот текст на Предлог-мерките ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Марин Миленковски.

МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:

Во расправата на седницата во Собранието, одржана на 3, 4 и 5 декември 1991 година по Анализата за вкупните состојби во аграрот во период од 1986 до 1990 година, со Предлог на мерки преку извештаите на работните тела, како и дискусиите на пратениците беа потврдени констатациите дека покрај неповолните состојби во вкупното стопанство, земјоделството се карактеризира со многу ниска акумулативност, висока оптовареност по основ на камати, недостаток на обртни средства, мошне големата зависност од другите стопански гранки од стопанството, а посебно од преработувачката индустрија, како и нарушениот паритет на цените на земјоделските производи.

МАРИН МИЛЕНКОВСКИ: (продолжение)

Набавните цени на репроматеријалите потребни за земјоделско производство бележат побрз пораст од цените на земјоделските производи при што овој диспаритет многу лошо се одрази во земјоделското производство, посебно во последниве две години. Пазарните услови на стопанисување аграрот го затекнаа во крајно неповолна економско финансиска состојба предизвикана од некои системски мерки од минатиот период заради заштита на животниот стандард, бавното преструктуирање на производството према потребите на пазарот, затварање на пазарот поради познатите состојби како и последиците од сушата во 1990 година.

Даночната политика негативно се одрази врз земјоделското производство посебно по зголемувањето на катастарскиот доход, а преку него и придонесите за здравствено и пензиско осигурување. Заштитните цени не одговорија на својата функција за поттикнување на производството и за заштита на производистелите на земјоделските производи. Преземените поттикнувачки мерки преку регресите не одговорија на нивната функција. Нивната симболична висина и исплата со закаснување во присутните инфлаторни движења не го ублажија диспаритетот на цените, ниту се оствари некаква фиансиска помош на крајно истоштените земјоделски производители. Ваквите услови не дозволуваат мотивираност за производство на земјоделски прозводи при што се јавува дефицитарност на пазарот на некои важни прехрамбени производи.

Субвенциите како поттикнувачки мерки за производство на земјоделско-прехранбените производи кај нас се движат до 8% во вредноста, додека во други земји нивното учество изнесува од 25-65%

а за некои земјоделски производи дури до 90%. Лошата кредитна политика негативно се одрази врз земјоделското производство, недоволно инвестирање, а посебно во индивидуалниот сектор и неводејќи сметка за специфичностите на земјоделското производство поради забавениот обрт на обртните средства.

Неорганизираниот пазар на земјоделските производи допринесе за уште поголем диспаритет на цените. Неповолната економско-социјална структура на село допринесе да голем дел од обработливото земјиште биде необработено. Неповолното учество на сточарството во вкупното земјоделско производство доведе до голем дефицит на некои сточарски производи како и недоволна искористеност на природните пасишта. Недоволната искористеност на преработувачката капацитети од агрокомплексот директно негативно се одразува на примарното земјоделско производство кое обезбедува суровини за овие капацитети. Наталожените проблеми околу одржувањето, искористувањето на хидромелиоративните системи, акомулациите доведе да се наводнуваат многу помалку површини отколку нивната можност.

И покрај тоа што Владата во минатата година вложи големи напори за обезбедуваше на средства за навремен откуп на поважни земјоделски производи и нивна навремена исплата инфлаторните движења ги обезвреднија очекуваните резултати. Имајќи ги во предвид изнесените констатации од страна на пратениците, извештаите на работните тела, предлог-мерките на анализата, како и предложените заклучоци од Владата, Комисијата за земјоделство и шумарство ги предложи заклучоците кои ви се доставени заедно со Извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство. Во предлог-заклучоците

кои целосно се прифатени од Владата на Република Македонија, со исклучок на став 2 во точка 15 што се однесуваат на обезбедување средства на надомест на откупените количества на тутун во основа се изразени настојувањата за целосна промена и односот кон аграрот во Републиката и покрај натаму присутните напред изнесени состојби и проблеми во оваа област.

Во отсуство на развојната макроекономска политика во Републиката, долгорочна и краткорочна за 1992 година која се однеусва и на аграрот како значајна компонента за егзистенцијата и развојот на Републиката особено во овој кризен период, во предложените заклучоци содржани конкретни активности и мерки во разрешувањето на актуелните краткорочни проблеми за утврдувањето на основите на долгорочната политика на развојот на земјоделското производство, создавање поповолни услови на развојот со основна нагласка за поттикнувачка и стимулативна политика на развојот на аграрот. Во насоката на изградување на нова аграрна политика со заклучоците се бара да се донесат законски прописи со кои ќе се обезбедат заштитни цени и премии на некои основни земјоделски производи како и регресирање на потрошени материјали во земјодел-ското производство кои директно ќе ги користат производителите на земјоделските производи, Со овие закони стимулативно ќе влијае врз зголемено производство што е од интерес за Републиката,

Во создавањето на континуиран развој на земјоделието во 1992 година преку Програмата за поттикнување на развојот ќе се обезбедат средства за поддршка на развојот на говедарството, овчарството, пчеларството, рибарството, создавање на вештачки ливади, изградба на мали акумулации и мали хидросистеми при што ќе

се користат научните сознанија и иновации во непосредното земјоделско производство. Во смисла на утврдување на основите на долгорочната политика на развојот на аграрот утврдена е обврската за изготвување на студија за долгорочен развој и насочување на земјоделското производство и студија за ревитализација на селото.

Во мерките посебно место се дава на стимулативните мерки за развој на селото особено во ридскопланинските неразвиени погранични подрачја преку развојот на сточарството, поголемо и поефикасно искористување на земјоделското земјиште, користењето на општонародниот имот и давање на истиот под закуп или преотстапување на општествено земјиште во сопственост и слично.

Во обезбедувањето на поповолни услови за развојот на земјоделието во заклучоците се предвидени конкретни мерки во даночната политика, во монетарно-кредитната политика, во заштитата на земјоделското производство во доменот на надворешно-трговското работење, во организирањето на производството, откупот и прометот на земјоделските производи преку формирање на продуктна берза за земјоделски производи.

Предлог мерката за која што се водеше и најширока расправа во работните тела и во Собранието која е и основна причина за донесување на заклучоци заедно со усвојувањето на анализата, ако ја Владата конечно прифати е обврска на Владата да изнајде извори на средства за надоместување  на средствата на производителите за откупените количества на примарните земјоделски производи од Републиката и кај тутунот за 1991 година во висина од 50% од откупната цена. Мерката за надоместок за цена откупениот тутун Владата не ја прифати. Оваа мерка треба да се сфати како интервентно решение за ублажување на изразениот диспаритет помеѓу откупната

цена на примарните земјоделски производи и на продажните цени на финалните производи од една страна и од друга страна како основ за создавање на минимални услови и стимуланси за идното земјоделско производство. Меѓутоа и понатаму треба да остане постојана обврска и надлежните органи и организации за усогласување на основите при формирање на откупната цена на земјоделски производи и на финалните производи при што треба да се има предвид поактивна улога и обврска на преработувачките претпријатија.

На крајот по повод утврдувањето на предлог-заклучоците по усвоената анализа од пошироката расправа за актуелните состојби и промени во аграрот сакам да ги истакнат некои битни моменти како услов за обезбедување на пролетната сеидба за 1992 година и тоа: Поради спецификите на земјоделското производство условено со ограничениот временски период на работа и климатските услови, а потребно е Валдата на Република Македонија да преземе веднаш конкретни активности за реализација на обврските по овие заклуоци како и мерките од својата надлежност за обезбедување на сите потребни услови во функција на успешното извршување на планираната пролетна сеидба. Потребно е помобилно и поорганизирано да се ангажираат производните претпријатија од земјоделското производство индивидуалните производители и водостопанските организации.

Во рамките на макроекономската политика на Републиката за 1992 година да се дефинира и аграрната политика, а Владата се задолжува да изготви и на Собранието да му достави информација за состојбите и проблемите во откупот на некои земјоделски производи во 1991 година, а за пролетната сеидба во 1992 година некои мерки на аграрната политика во 1992 година.

И на крајот посебно би сакал да истакнам дека пречистениот текст на предлог-мерките по анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година што го утврди Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11 февруари, а кој Ви е поделен, е составен дел на анализата што ја усвои Собранието на седницата одржана на 3,4 и 5 декември 1991 година. Образложението што го дава Владата на одделни предлог мерки не е составен дел на анализата туку претставува некој од можните начини за операционализација на одделни мерки заради настојување на Комисијата дека нејзините предлози може да имаат практична примена. За операционализација на мерките можните проблеми или резултати при нивната реализација Владата согласно заклучоците што треба денес да ги усвои Собранието се задолжува да поднесе извештај. На тој начин имаат можност пратениците во целост да се запознаат и да расправаат за начинот, условите и текот на реализацијата на заклучоците. Постапувајќи по заклучокот на Собранието на Република Македонија донесен на седницата на 3, 4 и 5 декември 1991 година Комисијата во соработка со Владата, а имајќи ги предвид извештаите на работните тела и расправата во Собранието ги предложи Предлог-заклучоците што ви се доставени пред десетина дена. На седницата на Комисијата на 12 февруари 1992 година во Извештајот што ви е поделен како што можете да видите извршени се само измени од технички карактер. Со оглед на тоа што се разрешени недоразбирањата и усогласени ставовите по одделни предлог-заклучоци со Владата, ве молам предлог-заклучоците поднесени од Комисијата да ги усвоите.

СТОЈАН АНДОВ:

Го ислушавме Извештајот на известителот на матичната Комисија на Собранието. Предлагам другите учесници освен учеството во расправата на министерот и на претседателот на Комисијата, друга надлежна за оваа област, другите учесници  да се договориме за начинот на учеството. По член 107 предлагам секој учесник да може да учествува по еднаш и тоа говорот да биде по пет минути.

Дали се согласувате.

Кој е за, да крене рака (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Двајца)

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Навистина се извинувам, меѓутоа, знаете на една од претходните седници потрошивме цел ден за аграрот. Тие заклучоци ги ускладивме, координирано и со Владата и со сите комисии, мислам оти треба да преминеме на гласање заради ефикасност. Нема потреба да се повторуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Има 11 пријавени дискутанти. Никого немам право да му одземам право да дојде овде да говори.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Добро се договоривме по еднаш да дискутираме, меѓутоа мислам дека тема

не е за по еднаш да се дискутира и ние овде дискутираме за многу поневажни работи по дваесет пати, а за земјо-

делието кое е едно од клучните проблеми можеме да се ограничиме. Овие мерки не гарантираат утре што ќе биде, за денес зборуваат и според тоа мислам дека погрешивме вака што се договоривме.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, меѓутоа, Собрнаието изгласа по еднаш и тоа до 5 минути.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитувани пратеници, расправајќи на оваа седница по заклучоците на анализата за вкупната состојба и проблемите во аграрот во периодот 1986/90 година веднаш на почетокот да кажам дека истите ги поддржувам и се надевам дека со нивна реализација ќе дојде до подобрување на положбата на аграрот.

Во точка 16 од предлог-заклучоците за задолжување на Владата да предложи решение за надминување на неповолните состојби во водостопанските организации со забелешка ова цврство да се остварува и се оневозможуваат поедини организации па и општини да го злоупотребуваат, како на пример општина Куманово која предвидува во блиска иднина да го зголеми капацитетот на водата за пиење и други намени на градот Куманово од истиот извор. Тоа е Липковска брана со што би се намалила количината на водите на акумулацијата Липково. И така, една голема површина на обработливо земјиште кое е под систем би останало без вода, а тоа значи голема катастрофа за оваа подрачје, бидејќи на тој начин не можат да се решат проблемите кои се во перспектива особено кога се знае дека општина Куманово располага со многу други поквалитетни

извори на водата за пиење и убеден сум дека овој проблем може да се реши на друг начин, а не како што го предвидуваат орга-ните на општина Куманово.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ;

Почитувани пратеници, Парламентот навистина не би бил Парламент доколку нема и спротивни мислења. Овој пат немам намера да бидам многу спротивен од она што е понудено, меѓутоа, би сакал да искористам прилика да дадам и неколку дополнителни објаснувања односно она што се вели да ја прикажам и другата страна на медалата.

Имено, во Предлог-заклучоците, поточно во Предлогот на заклучоците број 15 се предвидува да се обезбедат средства за 50% да се зголемат од вкупните цени на основните земјоделски производи, како што се: печеницата, сончогледот итн., таму се наброени сите. Јас би сакал да ги потсетам пратениците односно да дадам како што реков дополнителни појаснувања за да може оваа одлука да биде навистина прифатена со чиста совест од страна на пратениците.

Имено во периодот од месецот јуни-јули-август кога траеше жетвата од 1991 година би сакал да ве потсетам дека откупната цена на пченицата во Република Македонија изнесуваше 4,25 динари, за разлика од другиот дел на Југославија каде таа иста цена за пченицата беше 3,50 динари. Значи, нашата цена односно цената во Република Македонија беше скоро за 20% повисока од истата таа цена во другиот дел од Југославија.

Во истиот тој момент односно во истите месеци за кои се зборува цената на мелничните производи од пченица беше следна: брашно тип 500, 6,70 дин., брашно тип 850, 5,00 динари по килограм, добиточно брашно 3,10 динари од килограм и триците 2,90 динари од килограм, односно просечна цена на брашното 6,15 динари од килограм додека добиточната храна 3 динари од килограм.

Во истиот тој период цената на едно парче леб од 600 до 800 грама во зависност од градовите кој како го произведува изнесуваше 12 динари. Сегашната цена на брашното е 15 динари, а цената на парче леб од 600 до 800 грама велам зависно од градовите каде се произведува и по која технологија изнесува 25 динари.

Не би сакал сега да правам споредба на овие производи со низа други производи и кои се денес на пазарот, да не речам со шише кисела вода, со шише пиво, со едно јајце и со било која друга цена на производ, ќе видите дека цената на брашното и цената на лебот се навистина депресирани и се едни од најниските цени во моемнталната состојба на пазарот на нашата Репбулика.

Исто така би сакал, а тоа на некој начин во заклучоците што се предлагаат од страна на Владата се предвидува истите тие цени, депласирани на некој начин, да овозможат средства за да може да се исплати оваа разлика од 50% на откупните цени, бидејќи Владата предвидува средствата да се обезбедат исклучиво од средствата кои треба да бидат наплатени од продажба на пченица на мелничко пекарските оргнизации. Односот на жито-брашно-леб во истиот тој период, за 1 килограм жито во јуни месец 1991 година можеше да се добие 690 грама брашно, за еден килограм жито во истиот период можеше да се добие 1,416 килограми добиточна храна, значи скоро 1,5 килограм добиточна храна, а за 2,80 и 2 килограми жито се добиваше 1 парче леб. Голем дел од земјоделските производители, особено индивидуалните земјоделски производители кои ја предадоа пченицата во јули месец за истата таа пченица го искористија правото и за замена зедоа брашно кое како што реков беше по цена по адекватна на цената на пченицата. Сега се поставува прашање во овој момент дали и тие производители на пченица што ја предадоа пченицата и во истиот момент зедоа брашно

за неа, дали и тие организации односно тие производители треба да добијат одредена разлика на цената на пченицата бидејќи тој искористил производ кој бил адекватен на времето  на кое  е дадено, а оној кој го дал тој производ на некој начин по оваа логика би требало да биде оштетен односно истите тие организации, мелничките организации би требало да добијат исто така разлика во цената.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, пет минути имате за дискусија, за ова расправавме

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Се извинувам, претседателе меѓутоа, упорно слушаме разни дискусии, разни проблематики, ве молам да ми дозволите да го кажам моето, бидејќи зборувам во името на осум илјади работници.

СТОЈАН АНДОВ:

Собранието инаку одлучи, требаше да си направите излагање според одлуката на Собранието.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Не знаев дека вие така ќе одлучите.

СТОЈАН АНДОВ:

Тука се одлучи.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Се одлучи, ама не можевме да се подготвиме за 5 минути.

СТОЈАН АНДОВ:

Толку колку сте рекле, толку.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Јас се извинувам, меѓутоа морам да се искажам.

СТОЈАН АНДОВ:

Не помага извинување тука, толку е. Вие рековте, тоа не го прифаќате, кажете заклучоци кои не ги прифаќате, а не образлагајте.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Добро, еве ќе скратам, одлука без оглед кој треба да ги сноси трошоците за разликата на овој заклучок, дали тоа ке биде државата или било кој друг, чинам дека е неправедно. Тоа се ефтини поени што сакаат еден број пратеници да ги добијат, а исто така и Владата, но времето ќе покаже дека биле погрешни, тие се штетни за државата, а најповеќе ке бидат штетни за граѓаните.

Оттука, во смисла на член 52 од Уставот на Република Македонија не се предвидува ретроактивност на одлуките кои се на штета на граѓаните, од таа страна мислам дека закучокот број 15 на Владата во спротивност со Уставот.

СТОЈАН АНДОВ:

Ви измина времето, Ве молам држете се до договорот што го постигнавме овде, кажете кои точки од заклучоците ги прифаќате, кои не ги прифаќате и доста е тоа.

ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:

Предлгоот за заклучоците по анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот 1986-1990 година еве веќе неколку месеци се праќа и се враќа назад од Комисијата до Владата и обратно. Резултатот досега како да го нема. Каде лежи проблемот и каков е треба еднаш да разјасниме. Иако изгледа како да се избегнува разрешување на проблемите во аграрот од страна на Владата и Собранието на Репбулика Македонија, аграрот со своите гранки треба и врме е да си го заземе своето место во нашето стопанство како најдоховна гранка во нашата Република. Тоа го велам затоа што и во овој момент

со нашата нова власт земјоделството и земјоделецот и понатаму се водат како субјекти во државата, како дејности од втор ред. Тоа го прават за жал нашите власти, сета власт во Македонија, а живеат комотно и раскошно од трудот на земјоделецот и работата. Зошто тивко се премолчува тоа дека земјоделството во Република Македонја е основа за севкупниот стопански развој во Репбуликата? Во ова време кога сакаме да градиме нова држава, храната што ни ја произведува нашиот земјоделец не треба да ја потценуваме, а со тоа и самиот земјоделец кој обработува 87% од обработливите повшини во Македонија. Во ова време на блокади и нерешени односи со другте држави многу треба да се размисли колку ни е потребен производот од нашиот земјоделец кој треба да ни ја произведе толку потребната храна, а истата да биде поефтина бидејќи гледаме како не гази економската криза и како рапидно опаѓа нашиот животен стандард. За да се остварат овие потреби треба многу поголемо и навремено ангажирање на нашата Влада. Времето за изведување на земјоделските работи е на својот почеток или тие веќе се започнати но дали навреме или воопшто ќе се изврши пролетната сеидба, бидејќи знаеме како е извршена есенската. Во овој момент можеме да видиме дека неочекува катастрофална година во земјоделското производство. сега се гледа по нашите ниви во каква состојба се наоѓаат есенските посеви. На крајот, тоа сето ќе го плати работникот со својот личен доход кој е под секое ниво и самиот земјоделец. Многу точно е тоа дека Македонија за Европа и светот е најмногу интресна токму заради земјоделското производство што се произведува во Македонија која е позната како производител на високо квалитетни земјоделски производи потребни за преработувачката индустрија како здрава храна. би требало тоа да е патот по кој треба да оди нашиот иден развој. Дали ќе почекаме некој друг од Европа да

ни каже дека поголемоит дел од земјоделските површини се идеални за производство на толку бараната здрава храна од страна на Европа. Ако почекаме со ова наше бавно темпо, со сето тоа ова ќе го изгубиме, а со тоа ќе го изгубиме и идниот развој на Макеоднија кој го гледаме токму во развојот на нашиот аграр. Проблемите не се ни нови, не се ни непознати, но за жал се натрупуваат повеќе и со тоа многу се намалуваат шансите за нивното решавање. Ова е поради тоа што претходните власти и сегашната власт во Репбулика Македонија на земјоделството гледа како да е гранка од втор ред. Многу време се подготуваат програми и проекти, но само на хартија и без никакви резултати, а сето тоа е проследено со уназадување на земјоделството и самите земјоделски производители. Новите мерки што сега се предлагаат Владата ги носи врз стари наследства кои земјоделците ги водат до питачки стап. Може да се види дека стратегија за правилен развој на аграрот и нема. Како што се гледа и како што чувствуваат земјоделските прозводители ни се враќа како бумеранг, некои исти такви програми и проекти што во овој момент нашиот аграр го вратија неколку години наназад. Сега може да се види што било тоа и што се правело и како се одалечувало земјоделското производство од производството од виситнскиот пазар, што значи долгорочно заостанување и слабеење на нашата економија, во која прво место зазема токму земјоделството. Ние знаеме, со фамозниот увоз на земјоделски производи и преработки што се произведуваат во Македонија и кои се од посебен интрес за Републиката какви последици имаме од тие мерки, исто така знаеме пред 2-3 години со некои реформи како беше забранет увозот на многу потребниот репроматеријал и земјоделски машини со цел да се ослабе економската моќ на нашиот земјоделец. Резултатот на тоа

што не можеме да го отфрлиме сето ова е и понатаму состојбата да е катастрофална и да нема знаци за подобрување.

СТОЈАН АНДОВ:

Ви помина времето.

ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ :

Само уште малку.

Под итно треба да се донесе одлука за изнајдување начин за кредитирање и мерки на земјоделските производители со стимулативни камати и рокови на поврат на тие средства.

СТОЈАН АНДОВ:

Предложете ги предлозите, времето ви помина.

ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:

Ова е некое партиско одбегнување од оваа тематика. Мојата партија не ветуваше килограм грозје една марка или килограм тутун, ова, она. Сега, ова е чисто партиски маркетинг што сакате да го одбегнете, точно таа партија на реформските сили.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега ти засмета и Партијата.

Овде се добива збор по Деловник и по договореното време. Така Собранието се договори. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:

Зошто и за друго не се договори, туку за ова?

СТОЈАН АНДОВ:

Затоа што за ова имавме пред еден месец широка расправа, а за тој Предлог гласаа сите, само дваица беа против?

ПЕТАР ГОРГИЕВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, не очекував дека по оваа тема по прашањето на времето ќе имаме проблеми, бидејќи

навистина по Анализата за вкупните состојби ние расправавме еден ден, но заслужува внимание посебно сега кога ги донесуваме заклучоците по тие заклучоци да порасправаме посебно во делот на нивната  оперативност односно во нивната реализација. Во интерес на времето ќе се задржам само на проблемите кои ке наидат во делот на реализацијата, а тоа беше и основен проблем во комисиите на 2-3 наврати да се распрва за овие заклучоци и истите беа на два три наврати враќани на Владата за повторно разгледување, така што и натаму останувaат отворените прашања во точката 15 во заклучоците или мерките на Владата во точката 25, а што беа спорни низ целата расправа во работните тела во Собранието и пред се се однесуваат на обврската за надоместување на диспаритетот во цената и тоа на пченицата, пченката, маснодајната репка, шеќерната репка, оризот и грозјето. Сметам дека заслужува внимание сега по тоа прашање малку да расправаме затоа што во самата реализација како што предложи и претседателто на Матичната комисија за земјоделство од Владата се бара и извештај да поднесе, а во самите заклучоци ни по еден заклучок немаме дефинирано рок до кога тие ке се реализираат, што значи не е дефиниран рокот ни кога извештајот ке биде поднесен, а не е дефиниран  ни рокот кога овие заклучоци ќе се реализираат, а се однесува на алиментирање на 50% од одкупната цена исплатена од преработувачките капацитети. Ова последното посебно го потенцирам, бидејќи за прв пат се прави еден спој меѓу преработувачите и примарните производители или обратно, примарните производители и преработувачите.

Владата е во обврска  по мене заедно со преработувачките претпријатија да го спроведе овој заклучок што и во мерките на Владата е посебно искажан, иако сметам дека изворите за финансирање се непознати, но во мојата дискусија, и затоа ќе ја скратам ќе предложам

мои размислувања во делот на онаа реализација што треба да уследи, бидејќи тој проблем останува отворен, а сметам дека реализацијата на заклучоците треба да ја уоквириме во рок од 1 месец, што и во Извештајот на Комисијата за стопанство е посебно потенцирано.

Цените на земјоделските производи, па и на овие за кои сега расправаме што се алиментираат се утврдуваат во рамките на Стопанската комора и сметам дека во рамките на Стопанската комора тереба под итно да се закаже состанок со преработувачите и на овој проблем да му се даде посебно тежиште.

Од сознанијата што ги имаме од посетите на непосредните индивидуални производители оценивме дека во делот на регресите апсолутно нема никакви стимулации, премиите и другите стимулации апсолутно нема никакво остварување од страна на индивидуалните производители. Сметам дека тука и преработувачите беа во предност, за тоа што користејќи ги своите можности тие регреси и премии ги остваруваа, а во една наша посета утврдивме дури дека не се остварува премијата односно регресот за бенифицирана набавка на нафта.

Само ќе укажам кои цели ќе се остварат доколку овие заклучоци се реализираат, а ги поддржувам во целина.

Мислам дека за прв пат веќе се создаваат сите предуслови за меѓусебна доверба на произуводителите и преработувачите. Се создава еден нов однос и утврдување на аконтациона цена, на една заштитна цена на производителите, бидејќи влегуваме во една нова економска производна година, што значи со остварувањето на овие заклучоци веќе се финансира новата реколта, што по мое мислење во иднина ке биде обврска на преработувачите. Тие мора да се грижат за своите примарни производители. Ова е сега можност со одредени ангажирања на Владата примарните производители да бидат поддржани за производ-

ството во 1992 година, затоа што со исплатата на адекватен начин, јас имам и конкретен предлог не мора исплатата да биде во финансиски средства, но сега е потребно обезбедување на репроматеријали, вештачки ѓубрива и заштитни средства. Доколку преработувачите тука се ангажираат, практично ќе обезбедат новата реколта да се поддржи.

На крјаот само ќе завршам со тоа што ова...

СТОЈАН АНДОВ:

Формулирајте ги вашите предлози, без образложување.

ПЕТАР ГОРГИЕВ:

Добро, благодарам. Само јас морам да кажам дека и политичките теми кога ќе бидат ќе бараме ист ваков однос.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ова е повторена расправа, имавме расправа овде во Собранието и имаше дополнително расправа по комисиите. Овде на Собранието предложивме во согласност со Деловникот, Собранието се договори.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Ќе бидам многу краток, како таа срећа заклучоците на комисијата да бидат спроведени до крај! Но се плашам и овој пат да не бидат како и досега заклучоците од обласга на аграрот неспроведени како онаа народната "Кучињата лаат, карванот си врви". Сега е почеток на пролетната сеидба, нема погонско гориво за успешно завршување. Јас ќе се задржам на моменталната состојба. Не на она што е поминато, туку моментално нам ни треба погонсмко гориво бидејќи сме на прагот на пролетната сеидба. Потоа со семенски материјали, вештачки ѓубрива или други агротехнички, заштитни средства кои се неопходни за извршување на сеидбата. Се плашам и за оваа сеидба

да не излезе како есенската каде  поголем дел од индивидуалниот сектор остана ненасеан поради диспаритетот на цените, скапата сеидба и недоволното снабдување со деривати, а ние тој пропуст ќе го оцнеиме односно ќе го осетиме во август кога ќе се собере билансот од есенскаста сеидба и ќе немаме, како што немаме девизи да ги наполниме силосите со едно жито и сточно жито. Вака како што сме тргнале и со ваква политика што ја водиме ќе ни се случи во септември односно во октомври кога ќе се билансира и пролетната сеидба истото. Нафтата и нафтените деривати во овие моменти се најнеопходни за извршување на сеидбата, а од друга страна финансиски не сме во состојба да обезбедиме погонско гориво, доведени сме меѓу чеканот и на ковалната. Меѓутоа, треба што поитно да донесе законска регулатива за да привлечеме барем моментално или во најбрзо време странки капитал за да се стапи во контакт со некоја од светските Петролејски компании, да отвори свои дистрибутивни центри за снабдување со деривати и да ја ублажи оваа нафтена криза и да го разбие нормално монополот на нашата Ра-финерија која ги користи девизните средства од стопанството на Македонија, а е единствен застапник за деривати во Македонија, а не е во состојба да ги задоволи потребите од нафта во Македонија и масла за моторните горива. Под најитно Владата да подготви одлука, уредба за да може секој  земјоделец со список на неговата површина што ќе треба да се обработува, да поднесе до надлежните органи, да добие одредена количина нафта што е потребна за извршување  на пролетната обработка на земјата.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ: (продолжение)

Ве молам ова е како најхитно што мора да го превземиме за да не дојде после да констатираме дека требаше и ова да го направиме, требаше она, да бидеме историчари за она што веќе е пропаднато.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници јас исто така протестирам заради пет минутното ограничување, бидејќи на земјоделието се обидовме да штедиме во времето. Не кренавме рака, а некои кренаа рака да дадат и друг предлог, меѓутоа мораше така набрзина да се изгласа. Кога ќе дојдат, штрајкачите 120 илјади, тогаш веројатно ќе одвоиме повеќе време да расправаме за земјоделието.

Општата расправа ја обавивме, меѓутоа имаме право да обавиме расправа и по заклучоците. Се разбира, тој што не се придржува до заклучоците треба да биде опоменат и да не разговара за нешто друго, а да ги пропушти заклучоците, бидејќи заклучоците се битни како и мерките што истовремено ги предлага и Владата. Затоа, да знаев порано ќе конципирав расправа од 5 минути. Меѓутоа и тоа не го знаев порано па еве набрзина, колку може да се вклопам во времето да кажам.

Прво овие мерки се подобри од тие што ги содржеше материјалот по кој расправавме во декември. Подобри се, но апсолутно не е добро и оправдано што дури после два ипол месеци доаѓаат на дневен ред кога годината заврши, а почна и пролетната сеидба. Дали овие мерки се одговор на барањата на земјодлеците во овој момент, се разбира ги респектираме тешките услови, ако се има предвид дека реалниот доход во земјоделието падна минатата година најмалку за 1/3 што не е случај со паѓањето на реалниот доход во вкупното стопанство, на општествениот производ мислам некади од 12-13%.

Што можеме да видеме од овие мерки конкретно. Во нив има добри предлози, а во нив има и многу што е добро и предлози што во овој момент ништо не значат. Како прво главна карактеристика е што нудат итни решенија, дека нешто ќе се направи во иднина. Само да цитирам нешто, ќе се изготви студија за долгорочен развој. Такви заклучоци ние сме имале. Ќе се донесат закони, и во врска со тоа ќе кажам нешто, ќе продолжи програмата за поттикнување што веќе ја имаме во врска со говедарството и овчарството. Потоа Владата ќе ги преиспита предлозите за ослободување. Ќе се изготви студија за ревитализација на селото, ќе се формираат пилот-центри , ќе се согледа можноста за обезбедување на поповолни услови за инвестирање итн. ќе се утврди посебен систем на облици за извоз итн. Сето тоа ќе се направи како што рече мојот имењак Петар Георгиев, а нема рокови кога тоа ќе се направи. Ова не е спорно дека треба да се направи, сме ги имале како ставови повеќе пати запишано и уште многу ќе се донесе, ќе се проектира итн. Најголем број од заклучоците се со оваа дикција. Кои мерки се конкретни со очекуван ефект за оваа година, зголемување на делот за земјоделието од приходите односно од разликата од приходите над расходите над народната банка, употребата на примарната емисија како стандардна мерка , инфлаторна и антиреформска , која што се предвидува, ќе донесат мерки за заштита на земјоделието, на земјоделското производство со утврдување на мерки за режим на увоз . Таа може да биде конкретна и добра мерка, а уште не знаеме како и кога ќе биде тоа. Всушност може да биде доста корисна мерка за земјоделството. Потоа се споменува ослободувањето од данок од личен доход односно плати , за вршење на земјоделската дејност, на катастарскиот доход, конкретна мерка од 2,5% , не ли го знаеме тоа колку изнесува. Заради диспаритетите во 1991 година да речеме значајна мерка што се предлага, но беше дискутабилна кој

треба да ги плати тие средства и како ќе се обезбедат тие средства и дали конечно буџетот ќе го прифати и барашето на министерството во врска со поголема ставка во земјоделието дали ќе биде уважена. И во овој помал број на конкретни мерки, неколку се мошне дискутабилни.

Како што реков прво е кредитирањето од примерната емисија од аспект на реформскиот пристап , таа претпоставува дека навистина ние ќе имаме наша валута или ќе продолжи она истото со народната банка на таканаречената Југославија. Тоа е мошне нерасчистено прашање.

Точката 25 што беше предложена овде се рече Владата да обезбеди средства, инаку ако остане како што беше предложено не ќе може да се задолжуваат преработувачките капацитети од свој доход да плаќаат сега премии наново, иако неправичноста во вкупната распределба на доходот што се остварува во финалниот производ да речеме е јасна и на штета на примарното производство. Точка 3 ....
СТОЈАН АНДОВ:

Вие зборувате за мерките на Владата, а не со заклучоците. На заклучоците уште не сте минале.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Сите мерки на Владата и заклучоците се апсолутно идентични со разликата во врска со точката 25.

СТОЈАН АНДОВ:

Е, треба токму со тоа да се занимаваме.

ПЕТАР ГОШЕВ:

И да се разговара за заклучоците на Комисијата и за мерките на Владата, вкупно расправата е иста. Но, направивте така да неможе да се разговара за овој проблем. Ете тоа е.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ве молам, овде се прават сцени околу нешто за што се договоривме врз основа на Деловникот. Ве молам за тоа не се расправа туку се дава на гласање и Собранието одлучува. Тоа е право на секој од вас. И така Собранието одлучи. Тоа е едно рационално решение. Ние минатиот пат дискутиравме скоро два дена , со тоа што дискутиравме за толку не му беше полесно на земјодлеството и на земјоделците. Според тоа квантумот на нашите дискусии му го отежнува животот наместо да му го олесни. А дали знаеме нешто да кажеме и да одлучиме зависи од тоа колку кратко ќе го кажеме, да го разберат сите и да одлучиме. Ние денеска треба да пресечеме брзо и одлучно затоа што со месеци расправаме за заклучоци за кои што бевме договорени. И земјоделците очекуваат, очекуваат од нас не големи расправи туку очекуваат што денеска ќе решиме. И ве молам, затоа се договоривме овде во Собранието секој кој има да каже нешто да каже во рок од 5 минути и тоа еднаш да зборува. Сите имавте прилика во голема расправа да учествувате, а сите имавме прилика и во комисиите да работиме. Затоа предлагам да продолжиме.

Има збор пратеникот Флоре Масалковски.

ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници за значењето на аграрот ќе искажам едно мислење кое е изречено од петседателот на Републиката на средбата со земјоделците во Битола, а сигурно и на други средби дека земјоделството мора да стане дирек за развој на Република Македонија, Кога е тоа така, за што сметам дека сите сме уверени потребно е да се преземат соодветни мерки што ќе ја изменат сегашната неповолна состојба во аграрот, за што нашироко беше елаборирано на седницата по расправата за состојбите по аграрот. Бидејќи после неколку месеци по расправата, сепак, мерките еве се наоѓаат на дневен ред со што

уште еднаш се потврдува несоодветниот третман на аграрот зашто беше заклучено и мерките да се стават на усвојување на првата наредна седница, а оваа седница не е таа прва. Се поставува прашањето дали овие мерки нудат излез од состојбата во која се наоѓа аграрот. Дел од овие мерки значат исполнување на оправданите барања на земјоделците и моментално ублажување на нивната исклучително тешка состојба создадена не како резултат на неработењето, туку како резултат на навистиан ниските откупни цени на стратешките земјоделски производи и од несоодветно водената аграрна политика со која политика, ако може така да се каже, земјоделецот е доведен во ситуација да моли и да бара милост од државата за да се прехрани до новата реколта.

Во отсуство на долгорочна осмислена аграрна политика иако дел од овие мерки значат определено надминување, а не и трајно решавање на проблемите во аграрот, се додека државата не ја тргне досега постојано ставената рака во џебот на земјоделецот и не го ослободи земјоделецот од обврската само тој да го носи товарот во обезбедување на социјалната стабилност и додека не те воспостават радикално поинакви односи во односите меѓу примарното производство и преработувачката каде улогата на преработувачите воглавно, досега со одредени исклучоци е сведена само на посматрање, за тоа што се случува на нивите на производителите, односно битно не се измени севкупнито однос кон аграрот и не му се обезбеди соодветен третман што го има по своето значење, негативните состојби не само што не ќе се надминат туку ќе се продлабочат. Сето тоа ќе има за последица недоволно производство за храна, а храна ни е потребна на сите , но сега најповеќе кога имаме блокади од Север и од Југ. Бидејќи со овие мерки се излегува во пресрет на одредени барања на земјоделците, за корекција на цените на стратешките производи и се прават напори за надминување на негативните состојби во аграрот, ги поддржувам заклучоците и мерките со заложба за што побрзо нивно спроведување

односно побрзо нивно отпочнување  на спроведување во однос на корекција на цените, уште одма.

И на крајот имаше една дискусија од пратеник за неприфаќање на корекцијата. Меѓутоа, јас и земјоделците, сигурно и граѓаните би ја прифатиле таа дискусија, но под еден услов, ако цените на прехранбените основни производи односно на лебот се врати во времето на откупот на пченицата, ако цените на маслото за јадење се вратат на цените во времето на откупот на сончогледот ако цената на шеќерот се врати на цената во времето на откупот на шеќерната репка. Тогаш тие мерки односно тој предлог би бил прифатлив. Сега мислам дека не може да се прифати и треба да се прифатат заклучоците и мерките што ги имаат усогласено и Комисијата и Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Алил Џаферовски.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас немам илузии дека мерките или заклучцоите нудат некое потрајно решение во разрешувањето на проблемите во аграрот, меѓутоа и вака поставени моментално нудат нешто кое е подобро од сегашната состојба во која се наоѓаме. Како ќе биде во аграрот веројатно ќе имаме можност да видиме што Владата предвидува во макро-економскиот проект за 1992 година. И тука ќе имаме можности повеќе да расправаме.

Јас имам конкретно забелешка односно предлог околу точката 25 став 2 каде што се вели "исто така за најмалку 50% да се зголеми откупната цената на тутунот за веќе откупените количини". Предлагам ставот 2 да гласи "исто така за 50% да се зголеми откупната цена на тутунот за реколтата 1991, пресметано по просечно постигнатата цена во откупот". Понатаму предлагам во образложението бидејќи тоа во точката 25 став 2 е само набележано да се зголеми, во образложението

не е кажано од кои извори ќе се обезбедат средства и дека воопшто ќе се зголеми цената на тутунот.

Предлагам како посебен став во образложенито под точка 25 да гласи "за откупените количини на тутун средствата ќе ги обезбедат откупувачките претпријатија на тутунот".

Ако некој се запраша од каде средства, сметам дека одговорот е дека овој производ си ги обезбедува сам средствата заради тоа што просечната продажна цена на тутунот изнесува на домашниот и на странскиот пазар околу 4 долари, што со штицунгот се еднакви на илјад динари и цената од 180 до 1000 динари разликата е 800. Колку сака нека имаме трошоци на вложени средства, манипулации и друго мислам дека не држи место. Со овој мој предлог сметам дека ќе ја намалиме обесправеноста, ќе го намалиме одземањето незаконско на доходот од страна на оние кои што не го создале. Ништо повеќе.

Инаку другите мерки ги прифаќам и колку да бидете информирани да ви кажам дека само основниот данок на цигарите, тутунот учествува со една седмина во вкупниот буџет на Републиката. Ова евеќе прашање на односот на Владата како ќе постапи во однос на премитие на тутунот со Законот за премии. Она барање кое го имавме порано дел од данокот да се издвои за премии на тутун. Овде не се бара ништо повеќе, се бара да се намали ограбувањето на производителите од страна на оние кои не го создаваат доходот. Да се намали тој јаз на делење на доходот помеѓу производителот и откупувачот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникто Иван Иванов.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, бидејќи предложените заклучоци на некој начин претставуваат и синтеза на нашата широка расправа, јас затоа имам само два конкретни предлога и би ве замолил да ги сослушате:

Најпрво предлагам на крајот од точката 6 да се додаде следниов текст "како и за интервенциите во санирањето на сегашните многу лоши состојби на разводните објекти кај водостопанските претпријатија во Републиката". Мислам дека состојбите во разводната мрежа се доста сериозни, а поготово сега во почетокот на сезоната и доколку ништо не се направи ќе имаме големи губитоци на вода при наводнувањето. Сегашните акумуалции се доста ограничувачки.

И второ, по повод точката 25 во третиот ред после зборовите "маслодајна репка" треба да стои "и оризова арпа". Мислам дека се работи за техничка грешка бидејќи во образложението на точката 25 ова нешто е содржано.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Гоце Андоновски.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас во кратки црти ќе се обидам да направам синтеза на се она што мислев да го кажам, а сум ограничен со времето. Сметам дека понудениот текст на заклучоци што е овде даден, навистина отвора предуслови за развој на овој вид земјоделство. Добро е што веќе сфативме дека земјоделското производство треба да го ставиме во вкупниот систем на општествената репродукција и да игра едно од важните улоги во вкупниот стопански систем на Република Македонија.

Меѓутоа во поглед на заклучоците имаме некои конкретни забелешки и општи забелешки. Сметам дека многу подобро ќе беа овие заклучоци, ако тие заклучоци беа практично дадени на една основа на глобална стратегија, која што ќе отвореше концепт на развој на земјоделското производство и врз основа на неа ќе се предложеа тие односи и таа ќе беше главна сообраќајница врз која ќе беа донесени

конкретни заклучцои што ќе отвореа простор за развој на земјоделското производство.

За илустрација јас ќе ви кажам само еден податок. Република Македонија произведува околу 40 илјади тони месо, а потребите се 80 илјади тони. Ние мораме да направиме преструктуирање на земјоделското производство. Мора да се определиме за производство на фуражни култури на кои што ќе базира развојот на сточарството. Без тоа не можеме да сметаме на развој на сточниот фонд. Тоа е една забелешка. Затоа мислам ако овие заклучоци почиваа на една таква стратегија, ми се чини дека ќе беа поосновани.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ: (Продолжение)

Втората моја забелешка се однесува во однос на предлогмерките во врска со заокружување на производните системи. Ние мораме да ги заокружиме производните системи како во сточарството, така во лозарството, исто така и во овоштарството. Кога сум кај овоштарството ќе изнесам некои компаративни предности. И лозарството и овоштарствоот се високо доходовни, иако тие егзистираат на 10 илјади обработлива површина од неа егзистира некаде околу 25% од вкупното земјоделско население. Тоа е едно.

Втора работа како површина се користат послаби и посилни терени.

Трето, тие се трудово интензивни и врзуваат голем дел од работниот потенцијал. Така што онаа стара традиција иселување и миграција од селоград на некој начин би била намалена доколку навистина овој вид на земјоделска дејност се развира и понатаму. од тие причини мислам дека заокружувањето на системите во лозарството и овоштарството треба да бидат една од приоритетните задачи во развојот на земјоделското производство.

Четврто, мислам дека треба да се работи на тоа Македонија покрај тоа што треба да ги задоволи своите потреби со земјоделско производство, мислам дека треба тој надворешно-трговски дефицит, платен дефицит треба да го намали со тоа што ќе биде извозно ориентирана. Ако имаме развој на добро земјоделие, мислам дека од една страна би се задоволил тој аспект, а од друга страна ние мораме со земјоделското производство да бидеме извозно ориентирани заради тоа што голем дел од репроматеријалите за заокружување на репроциклусите се од увоз, почнувајќи од вештачки ѓубрива, средства

заштита, компонентите на сточна храна и тн. Од тој аспект сметам деказемјодлеското призводство во Република Македонија треба да биде и извозно ориентирано.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Почитувани пратеници ќе се обидам и јас да бидам краток, во рамките на она што се договоривме. Во основа ги поддржувам мерките, меѓутоа ценам дека ова не се мерки кои би ги решиле крајно состојбите во земјоделието, туку тоа се едни мерки кои што од прилика моментално решаваат некои проблеми во земјоделството, односно би рекол дека се мерки за гаснење на пожар, а не се мерки кои би допринеле за спречување на појава на еден пожар, односно појава на проблеми во целокупната област на земјоделието. Мислам дека ќе треба да се излезе со една конкретна економска политика во однос на земјоделието која што секако треба да биде во коегзистенцијата на глобалнта економска политика што ќе ја понуди оваа Влада во однос на државава. И конкретно би се задржал само на еден сегмент од земјоделието, односно само на една група од земјоделски производители, а тоа се производителите на раноградинарски производи. Ценам дека овие производители први ќе се судрат со новонастанатата политичка состојба во Македонија, односно за едно 2 месеци практички ќе имаме производство на раноградинарски производи и ќе се судриме со проблемот на нивниот пласман. Иако и во дискусиите кога беа за проблемтие на аграрот јас овој проблем го потенцирав. Денеска не гледам ниту една мерка со која би се помогнало за пласман на раноградинарските производи. Дали тоа значи дека не постои, дека нема начин, или пак е нешто друго во прашање. Мислам, би сакал да добијам одговор. Инаку во основа сите

оние други мерки ги поддржувам кои што глобално нудат некаква помош за сите, почнувајќи од посебен режим на царина, забрана за увоз, ослободување од данок и сл. Меѓутоа, она што ќе биде најпроблематично е проблемот со пласманот кој што ценам дека е и политичко прашање и би требало да се понуди на овие производители некое решение. Инаку, ќе имаме катастрофални последици, бидејќи овие производители произведуваат големи количини кои што во поранешниот период беа сосема доволни комплетно за населението на цела Југославија, па имаше и за извоз. Досегашни услови незнам кое би можело да биде решение.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, Дами и господа пратеници, наместо предложените заклучоци од Владата и досегашната дискусија на неколку наврати за аграрот веќе имавме можности на широко да се произнесеме досега на неколку пати, вратени заклучоци на неколку пати и на Владата и на комисиите се простудирани и дискутирани и поминати се низ сите сита и сметам дека сето ова време што ние го изгубивме е залудно и дури ги мачиме нашите земјоделци кои сметам дека сигурно сега го очекуваат последното да, или не,само да се рече на заклучоците, а инаку за значењето за сета оваа друга работа е веќе доволно кажано. Се согласувам и со предлогот на претседателот на Собранието што досега требаше ние да поминеме на многу кратко излагање, дури и немаше потреба заклучоците се на Комисијата, а усвојувајќи ги од страна на Владата е доволен показател дека тие треба да се усвојат и донесат на оваа седница. Во таа смисла јас не сакав да дискутирам, но се даде повод сметајќи дека од претходниот дискутант се рече дека на тогашни цени откупена, на тогашна замена на брашно. Не треба да ги залажуваме луѓето,

не сакам да образложувам многу. Пред се државата ја откупи пченицата, не ја откупи млинот и на таа цена динар не  дадовте и сега тие си создаваат капитали со ова зголемување на цената на лебот. Кога одиме на пазарна економија, зошто не го сврземе произ-водителот со секое зголемување на цената и тој да учествува во процентот на зголемувањето. Да ги видиме личните доходи на тој млин таму. Не треба да навлегуваме во тие работи. Сметам дека од 100 килограми брашно се добиваат 140 килограми леб. Колку вода тој продаде на таа цена? Само со таа цена житото е преоткупено и дури во печалба му остана од водата. Не сакам да навлегувам за другите работи, за триците, за отпадоците. Не треба да ги залажуваме нашите производители. Само досега немаше кој да стави рака до нив, така одеа,  а сега со овие заклучоци што Владата ги презеде и ресорното Министерство, сметам дека ако овие заклучоци се спроведат со сегашен предвиден рок, сметам дека земјоделието ќе тргне од мртвата точка и ќе биде во многу, многу поволна ситуација отколку досега, а за аграрот разбираме дека наеднаш  не можеме мед и млеко да направиме. И јас сум свесен за тоа, иако тоа го барам. Меѓутоа, овие заклучоци гарантираат дека земјоделието ќе тргне по доволен пат.

Дали Владата и ресорното Министерство ќе обезбедат доволно механизација за сегашната пролетна сеидба и во недостиг на репроматеријали дали со  тоа ќе го стори на било кој начин тоа да го обезбеди. Затоа што ми се чини дека овие ќе бидат многу проблематични и секогаш пролетните, па и есенските сеидби страдале во однос на делови за механизацијата и во потребните репроматеријали во моментот на сеидбата. Сметам дека тоа треба да го има во предвид ресорното Министерство како би биле снабдени земјоделците

со нагласка да не смеат да бидат одвоени индивидуалниот од општествениот сектор. Крајно време е да ставиме крај на тоа одвојување.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како и повеќе дискутанти во начело ги прифаќам предложените мерки од Владата, но имам конкретни забелешки по одредени заклучоци. После заклучок број 2, 3, 4 предлагам како закони, тука стои "ќе се донесат" јас предлагам да се измени и да стои "да се задолжи Владата да предложи предлог за донесување на закони". По овие точки плус да се задолжи да поднесе предлог за донесување на закони за Законот за води и Законот за тутун, бидејќи има и такви мерки поназад каде што Владата се задолжува со разрешување на одредени проблеми во водостопанството и тутуновото производство. Сметам дека сите овие предложени 27 мерки се резултат на недонесени системски прописи од аграрот. Доколку би биле донесени тие прописи за ваквите мерки не би имало ниту место денеска да се расправа, туку тие ќе се решат со закон.

Предлагам конкретна измена на мерката под реден број 7 каде што стои "Владата ќе ги преиспита предлозите за ослободување на земјоделските производители од плаќање на надомест за патишта во цената на нафтата. По овој предлог бидејќи во овој временски период сите сме свесни дека нафта нема, аграрот е катастрофален. Вчера и завчера во Радовиш донесоа 30 тони нафта, се построија преку 300 трактори и тоа одалечени по 20 километри од селата. И кога дојдоа до половина, нема нафта и тие не можеа да се вратат во своите населени места и ги врзуваа со ланци и ги влечеа еден по друг. По оваа мерка барам да се задолжи Владата да обезбеди веднаш.

од утре ако има и резерви, било што да се обезбеди нафта за земјоделското производство и истото да не се дотура до бензиските пумпи, туку на друг начин истата да се носи на одредени места, по населените места. Владата да изготви критериуми според обработлива површина на кој колку ќе му следува да си ја добие нафата, за да не лутаат земјоделците по една недела по нафта.

По однос на трошоците за патишта сметам дека тоа воопшто не треба да биде предмет на дискусија. Земјоделските трактори не се движат по патишта и тие треба да бидат ослободени без размислување. Може да се задолжи Владата да размислува дали треба да се ослободи и од данокот за промет бидејќи ние преземаме одредени мерки за субвенционирање во земјоделието, ги земаме парите преку данокот, па пак се обидуваме да ги враќаме. Исто така, го поддржувам размислувањето и предлогот на Џаферовски каде што се работи за тутуновото производство. Таму стои дека цената на тутунот да се зголеми за најмалку 50%. Тутуновите претпријатија неспорен факт е дека во Македонија се едни од најбогатите претпријатија, почнувајќи од "Македонија-табак" па до најмалото претпријатие. Вработените во нив земаат највисоки лични доходи. Тутунопроизводителите земаат најнизок личен доход, односно најмалце се платени. По овој проблем кога би расправале, кога би донеле закон за гарантирани цени, заштитни цени, таму би се изјасниле малку подобро. Мене ми се чини дека помеѓу откупната цена и продажната цена на тутунот би требало да има некој сооднос и тој сооднос да биде фактор на регулирање на заштитна цена. Некаде по мое размислување тоа би изнесувало 60 со 40%. 60% за тутунопроизводителите, а 40% за претпријатијата. Исто така и други пратеници се изјаснија. Барам овие заклучоци Владата да ги спроведе најдоцна во рок од еден месец.

По однос на нафтата барам веднаш да се реши проблемот, бидејќи состојбата во земјоделието е катастрофална.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Иако сметам дека неколку пратеници од кои и Ефтим Манев во уреден рок доставивме одредени писмени забелешки што беше и во ред и сигурно не бара ни продолжување на времето. Писмените забелешки на неколкуте пратеници конкретно на заклучоците делумно се прифатени, а делумно не се прифатени. Сметам дека и оваа расправа има смисла конкретно по заклучоците бидејќи и во првиот момент и овој доколку се расплиниме би била неплодна, а основната цел е производство на здрава и ефтина храна, а тоа се знае како е земјоделците да работат со мотиките и тракторите, а додека Владата, односно ова Собрание да им создаде приближни услови за производство. Заклучоци на заклучоци од комисии, и од Влада сметам дека од заклучоци ниту јаболка, ниту патлиџани не растат. Во таа смисла според моите познавања се обидов да дадам неколку објаснувања и предлози. Нешто беше и прифатено. Накратко ќе кажам во која смисла беа тие.

Во точка 18 од заклучоците Владата, односно се задолжува Владата да информира за спроведување на заклучоците. И во работниот заклучок од извештајот на Комисијата се вели "да се изготви информација". Сметам дека тој начин на информирање и повратно е надминат и предложив во точката 4 во моите забелешки Владата во рок од месец дена да изготви програма со операционализирани рокови и носители, односно еден материјал кој би гласел "земјоделието во 1992 година со проекција на производство и мерки на економската политика" и кој би содржел проценка на производството за 1992 го-дина, мерки за економска политика, пазарот, цените и финансирање

на производството, особено сметам тука е битно овие земјоделски фондови кои досега постоеа, а сега Владата незнам дали размислува, а беа 8. Во таа смисла сметам дека ќе бидат прифатени и се во однос на операционализација на овие заклучоци, а не заклучоци заради заклучоци.

Во точките другите забелешки како другите пратеници не истапив директно, односно не предложив јаболкото да влезе во заштитни цени зошто тешко тоа држи ова кое не влегува во многу заштитни цени и субвенционирање. Се треба да реши пазарот и пазарните стопанства. Но, затоа предложив да се направи една анализа на новите состојби на овоштарското производство во Македонија со оглед на досегашната политичка и економска состојба. Морам да кажам, Преспа е најголем производител на јаболка, а пазарот се намалува. Треба да размислуваме во таа смисла на јаболковото производство. Во таа смисла и во анализата за вкупните состојби ни беше даден мал простор на јаболковото производство во однос на другите проблеми, да не елаборирам во таа смисла. Сметаме дека без одреднеи анализи не може, опасно е да се преземаат заштитни мерки кои во развиените земји се сведуваат на две основни области: царински и вонцаринска заштита. Вонцаринската заштита ги содржи сите оние елементи. Затоа производителите на јаболка од Преспа, можам да кажам во нивно име бараат приближно исти услови на производство со другите европски земји, а тие мислам и се опремени, сметаат дека се способни и опремени да излезат на светскиот пазар, по светски цени како што докажаа и оваа година кога голем дел од јаболковото производство е извезено во Грција по светски цени и тоа за 1 килограм јаболка, 2 килограми портокали. Но, тоа исто тие не можат да го направат во услови кога еден килограм заштитни средства достигнуваат фантастични 20 илјади динари, или 20 милијарди

кога, цените на нафтата рапидно растат, а јас морам овде да кажам и тврдам дека ние на големи седници се расправаме во однос на давачките во земјоделството. Но, Министерството и Владата нека направат одредени пресмети, тврдам во однос на сите давачки, било по однос на пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, данокот од личниот доход на земјоделците се рамни на давачките на една канта нафта.

ГЕШТАКОВСКИ: (Продолжение)

Направете ги тие пресметки па ќе видите дека во една канта нафта од производна цена и маржа, одбиени сите даноци, данок на промет, патишта итн., замислете колкави се тие давачки на 30 тона и произведено јаболко по мерилата на Министерството за земјоделство и Министерството за труд, на 1 тон следува 30, за 1 тон нафта некаде е разликата околу 40 милијарди во таа смисла.

Сметам дека треба и една осмислена политика во земјоделството, а не решавање од случај во случај во однос на субвенциите.

Сметам дека здрава храна треба да произведува цела Македонија. Не може ознака на здрава зелена лента да носи само едно подрачје што е предложено со заклучоците. Европа признава здрава храна кон нивни критериуми, а не по наши.

ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас во почетокот да кажам дека очигледно некои дискутанти влеваат едно недоразбирање, бидејќи станува збор за мерки и заклучоци. Веднаш да нагласам дека треба да се има предвид дека на Собранието Комисијата му предлага заклучоци, а не мерки како што тука беше наведено од страна на некои дискутанти.

Према тоа, убаво во заклучоците е речено што се предлага, а не како што на пример г-дин Манев кажуваше. Овде конкретно со заклучоците се задолжува Владата што треба да преземе во областа на аграрот.

Како што истакна и мојот претседател на матичната комисија г-дин Миленковски макотрпен беше трудот за донесување на овие заклучоци. Заклучоците како такви претставуваат добар обид и напор за разрешување на некои проблеми во аграрот. Јас како член на Комисијата истите ги поддржувам, онака како што ги донесе Комисијата, односно како што се предложени. Да не го повторувам она што беше изнесено, би апелирал нешто до владата. Оние средства што се предвидени со Нацрт-буџетот за регрес на семе и вештачки ѓубрива да се одобрат веднаш, со што донекаде ќе се ублажат последиците на големата инфлација.

За илустрација само ќе кажам дека вреќа ѓубре во есенската сеидба комбинирано три петнаески чинеше околу 600 динари сега фабрична цена е 2400 динари и повеќе. Според тоа, ако тука не правиме нешто, тешко на нашата пролетна сеидба. Истото се случува и со семињата. Семињата се пет и шес и седум пати им е зголемена цената. Затоа, уште еднаш апелирам да се направат напори тие средства веднаш да се одобрат за да можеме успешно да ја завршиме пролетната сеидба. Истото се однесува и за нафтата но мислам дека министерот за земјоделство на отворен екран рече дека тие напори ќе се чинат и ќе се обезбеди нафта, во што јас не се сомневам. Исто така, кога станува збор за пролетната сеидба врзано со заклучоците е обезбедувањето на средства за фабриката во Велес за суровини за производство на вештачко ѓубре. Моментално колку мене ми е познато, суровините се уште доцнат, не се доволно обезбедени и ги нема во прометот, што е потребно за прехранување на земјоделските култури.

Уште нешто сакам овде да изнесам, тука некои дискутанти тоа го рекоа, што се случува, како со јаболката, така и со некои други производи како оризот и за скопско што е многу интересно, а тоа е јагодестото овошје. Мислам дека како општество односно како Влада треба да правиме посебни напори да ги реактивираме некои објекти кои беа затворени за конзервирање, односно прифаќање на овој вид овошје, бидејќи познат е случајот ако јагодестото овошје не ни оди надвор, а се знае поради бариерите кои што ни се прават од страна на Србија, тешко ќе оди, а такво производство имаме доста, затоа ако не најдеме решение ќе ни пропадне, а мислам дека не сме во состојба такво нешто да дозволиме.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници, имам два коментара наредниот број 18 и 25, со Предлог за дополнување на тие мерки.

Мерката под реден број 18, што се однесува за Програмата за заштита и користење на земјоделското земјиште, во својот втор дел предвидува една посебна либерализација на Владата и на самото ресорно министерство во однос на издавањето на земјоделско земјиште во долгогодишен закуп, со претходно утврдени услови. Тоа го регулира и членот 34 од постојниот закон за заштита и користење на земјоделско земјиште, но за реалност и доследност во реализирањето на оваа мерка има два проблема.

Прво, отсуствува операционализација на овој член 34 од посотјниот закон, со донесување на подзаконски акти кои би ги утврдиле тие услови и критериуми за доделување како и на теренот присутната состојба на пописен катастар, наместо премерниот катастар што е голема причина и проблем за реализирање на оваа мерка.

Во таа смисла, после точката 18 на крајот предлагам оваа мерка да се дополни, со што нај итно да се донесат подзаконските акти и претходно извршениот катастар.

Мерката под реден број 25 целосно ја поддржувам. Сакам да нагласам дека оваа мерка која предвидува зголемување на откупната цена за 50% на откупените земјоделски производи во 1991 година, беше едногласна и еднодушна заложба и барање на сите индивидуални земјоделци од општина Кавадарци. Оваа мерка од Владата како државна мерка, претставува и еден прилог кон воспоставување на компаративни односи меѓу индивидуалните земјоделци и откупувачко преработувачките претпријатија, што исто така треба да се поздрави.

Во образложението од став 4 на оваа мерка, предлагам заради тоа што се предвидува од страна на Владата единствен извор на средства да претставува веќе постигнатата цена на готовоите производи, после точката да се стави запирка и овој став 4 од образложението на точката 25 да се дополни во соработка со Владата, во изнаоѓање на решение, со даночни, кредитни и други стимулативни мерки за да се обезбеди рентабилност на откупно-преработувачките претпријатија.

ТИМЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Како член на Комисијата за земјоделство и шумарство, учествував во изработката на овие заклучоци и во целост ги прифаќам. Но, бидејќи имам должност да ви дадам едно објаснување предлогот што го дадов на Комисијата и кој што беше прифатен од

Комисијата за покачување на цената на тутунот за најмалку од 50% од Владата не беше прифатено. Поради тоа, сакам да изложам некои мои гледања зошто го предлагам покачувањето на цената на тутунот. Како прво, Законот кој го потврди ова Собрание минатата година кој определува монполска положба на откупните организации на тутунот, значи немаме слободен пазар, друго, бидејќи се работи за извозен производ кој има просечна цена некаде 4 до 7 долари на светскиот пазар, а моменталната цена на тутунот, некаде е помала од 1 долар, Бидејќи потекнувам од такво подрачје, каде што основно занимање на населението е тутунопроизводството и знам што значи која е таа гранка, се работи за трудоинтензивна гранка, со многу труд и мое согледување дека односот овде не е запазен.

Друго, од јавните гласила сите сме запознаени дека организациите кои што вршат откуп, а водат права борба помеѓу себе, меѓу општинските организации како да ги привлечат тутунопроизводителите да го однесат своето производство во нивната организација. Мислам дека се ова прави аргументи кои што навистина треба да ги поддржиме, да го поддржиме овој заклучок да се покачи намалку 50%, иако и таа не е права цена која треба да ја има тутунот. Затоа апелирам до сите пратеници да го поддржиме овој заклучок.

ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:

Со оглед на тоа дека учествував во изготвувањето на текстот на заклучоците, мислам дека како што се напишани, се во интерес на земјоделството и на вкупниот аграр на Републиката и би замолил да бидат прифатнеи од овој параламент, а колку ќе бидат остварени, односно спроведени, времето ќе покаже.

Би сакал да кажам каква е состојбата во Струмица од регионот од кај што потекнувам. За прихранување на печницата, губре нема, до скоро тоа што го имаше беше од 750 динари до 2000 динари една врећа. За нафта, кажаа и другите, да не зборувам, се припремаат луѓето и пролетната сеидба можеби во струмичкиот регион не е веќе во ек , нивите ќе останат неизорани, затоа што долго време веќе нафта нема, а и од 1991 година се испорачувани многу мали количини на овој регион.

Би сакал да кажам практично и што реков во расправата по анализата за вкупните сосотјби во аграрот, имајќи ги предвид познатите општествено-економски и политички состојби со кои се соочува Републиката, беше потребно Владата да даде одредени насоки на кои култури да се преориентираат земјоделците кои досега беа огромни производители на градинарски култури. Се знае нашето мислам минатата година пазарот беше многу поширок. И така останаа многу производи во нивите. Сметам дека оваа година колку толку, треба да се даде некои насоки на што да се определат, бидејќи огромни количини, односно сите средства што ги заработија земјоделците минатата година, сега ги дадоа за пластична фолија. Нејзината цена отиде од 50 на 400 динари.

На последната седница го одложивме и Законот за стапките на граѓаните што сметам дека Владата добро беше предложила, барем со тоа колку толку, се санираше положбата на одреден начин, катастарскиот доход не беше предвидела Владата да се зголеми, стапките останаа исти кај земјоделците, ние како парламент го одбивме и го баравме основниот закон. Сигурно Владата нема да предвиди исти стапки и да остане истиот катастарски доказ.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани граѓанки и граѓани, во целост ги поддржувам предлог-мерките од Владата и нормално и заклучоците, иако таму една мерка од Заклучоците е Владата не прифати, меѓутоа, би напомнал дека во Предлог-мерките едно прашање, поточно во точката 26 каде што се зборува за водоснабдувањето едно прашаше не е третирано, а тоа е прашањето за одводнување. Плаќање надоместок за одводнување. Ако знаеме дека во скопско, да не ги набројувам селата, меѓутоа, тука спаѓаат Белимбегово, Кадино, Петровец, Јурумлери итн., земјоделците плаќаат еден надоместок за одводнување. Меѓутоа, функционалноста на одводните канали не се одржува и не дај боже да дојде до поплава што би се случило. Врз база на тој надоместок за одводнување, мислам дека некоја бирократија зема добри лични доходи на интерес на земјоделците. Мислам дека ние во Европа не можеме да конкурираме со производство на автомобили, туку само со здрава храна, бидејќи имаме компаративни предности.

Околу планирањето во аграрот, ми се чини не треба да планираме од година во година, туку да биде тоа подолгорочно на 5 до 10 години, како што прават и другите земји кои имаат високо развиен аграр.

Сметам дека во заклучоците треба да влезе во точката 26 надоместокот за одводнување на некој начин да се намали или целосно да се укине, бидејќи претставува оптоварување на самите земјоделци.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници, прво и основно морам да го потенцирам дека на праг е пролетната сеидба, но и дека целосното нејзино извршување во многу ќе зависи  и од кредитирањето, пред се од примарната

емисија која сеуште не е до крај дефинирана. Дали кредитирањето на земјоделството од примарната емисија за пролетната сеидба за 1992 година ќе се изврши преку Народна банка на Југославија или преку Народна банка на Македонија. Тоа е првото и основното и заради тоа за мене е најосновно и прв заклучок е тоа. Да не се случи да ја пропуштиме оваа пролет за извршување на пролетната сеидба во услови кога по се изгледа нема да има увоз на храна, или за увоз на храна ќе требаат девизи кои ние ги немаме и да не можеме да си обезбедиме за 1992 година.

Понатаму, конкретно на предложените заклучоци имам забелешка, бидејќи имаме заклучоци од Комисијата за земјоделство и предлог-мерки на Владата. Кај заклучокот на Комисијата за земјоделство број 14 стои дека треба да бидат ослободени од данокот од личен доход за вршење земјоделска дејност на катастарски приход, индивидуалните земјоделци на кои земјоделството им е единствено занимање за 1991 година, додека во предлог-мерките на Владата не е дефинирано, иако Заклучокот е истоветен за која година ќе важи ослободувањето на земјоделците од данокот од вршење на земјоделска дејност, Мислам дека сепак тука треба да се најде одреднео решение, кое што сигурно Владата требало да го прецизира.

Во заклучокот на Комисијата број 15 и Предлог-мерката на Владата број 25, стои дека исто така за 50% најмалку да се зголеми откупната цена на тутунот за веќе откупените количини. Бидејќи ги имам предлог-мерките на Владата со пропратното писмо дословно стои дека Владата овие Предлог-мерки што ни ги испраќа до Собранието на Република Македонија ги разгледа и усвои на својата седница одржана на 11.02.1992 година.

Исто така, во предлог-мерките стои точката 25. Јас се прашувам, бидејќи досега во повеќе наврати од одредени пратеници беше истакнато дека вториот став од Предлог-мерката на Владата, Владата не го прифаќа.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА: (Продолжение)

А едно е образложението, друго е Предлог-мерката онака како што ни е доставена. Ако Владата не го прифаќа вториот став, тогаш не требало да стои во Предлог-мерките што ни се доставени. Ако веќе Владата ги доставиле предлог мерките онака како што се заендо состав 2 по мене логично е дека Владата ги прифатила Предлог мерката 25 став 2 дека и за тутунот ке важи 50% на откупната цена.

Инаку, сосема исправно е тоа за кое што реагира министерот за образование, дека во образложението по точката 25 го нема тутунот. Но, ако стои во пропратното писмо дека Владата ги разгледа и усвои на седницата, за мене тоа е прифатена предлог мерка од страна на Владата.Тука е дискутабилно е што го нема, дали е дискутабилно по мене незнам што го нема во образложението или го има.

Понатаму, јас потполно го прифаќам амандманот што беше изнесен од пратеникот Алил Џафероски кој што гласи дека вториот став од мерката 25 треба да гласи, исто така, за 50% да се зглеми одкупната цена на тутунот за реколтата 1991 година пресметана со просечна постигната цена на откупениот тутун и имам свој амандман на точката 25 предлагам нов став број 3, кој што ке гласи: "Заради операционализација на овој заклучок предлагам одлука за спроведување на оваа мерка 25 да се донесе во Владата до крајот на февруари", тоа е конкретен предлог, а се со цел инфлацијата која што ја имаме не ги обезвредни и овие средства кои што треба да ги добијат земјоделците во висина од 50% за пченица, пченка, шеќерна репа, сончоглед и тутунот, бидејќи Владата во пропратното писмо дословно стои дека го прифатила.

БОРКО ГОРЧЕВСКИ:

Јас ќе бидам сосема краток, ми се чини ова може да се каже во неколку збора. Морам да кажам дека доста е со читање на реферати од оваа говорница, зашто на народот му е дојдено се преку глава од такви реферати. Еднаш веќе треба да почнеме да работиме, односно да мислиме за оној што не платил овде да седиме. Еднаш веќе треба да го решиме тој проблем за развиток на земјоделството без кое ниедна држава не може да опстане. Верувале или не ако поминете низ пелагонискиот регион  каде била најмногу застапена житарицата можете да се уверите дека нема посеано ни една третина од ланските посеви. А што значи тоа? Ако вака продолжиме, верувам дека до година девизите ќе треба да ги трошиме за исхрана, која можеме да ја извезуваме и за која можеме да ги земаме истите. Не можам нешто  да не кажам и за тутунот, поради тоа што потекннувам од тој крај. Ако се пресмета цената на тутунот што е платено на производителот со саатите и работната рака што е вложена во него, а да не зборуваме за орањето, ѓубривата и се друго што е вложено во него, тогаш зачудувачки, но вистинито е тоа што на секој што учествувал во производството во него, ќе му дојде по 300 до 400 динари месечен личен доход. Повеќе ништо. Затоа, реков и пак ќе повторам доста е со читање на убави реферати, бројки и статистика, време е еднаш да помислиме и на земјоделецот и барам да се прифатат заклучоците на Комисијата  за земјоделство и шумарство.

ХАМИТ АЛИУ:

Дами и господо, анализата е еден чекор напред  сеедно со предлог-мерките досега што сме ги имале како материјал, меѓутоа, недостасува одговор на некои прашања како на пример, што можеме како земјоделска земја да направиме, да постигнеме.

Второ, што имаме како Република.

Трето, што ни треба на нас.

Четврто, што е со вишокот на производните продукти од земјоделството.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине министре, некои прашања беа поставувани. Ова не е закон, па да нема што да одговори. Ова се заклучоци и може да одговори (Нема прашања).

Бидејќи ни министерот збор, ни некој друг, го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

За најмалку 50% е неодредена работата, бидејќи ставот 1 на точка 25 конкретно кажува за пченицата, оризот, шеќерната репка 50%. Ставот 2 за најмалку 50% врвејќи го кажувам, сакам точно предложив амандман на точка 25, став 2 кој е конкретизиран, доколку ова Собрание го прифати . Инаку, ќе правиме празна политика

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, да се договориме воопшто каков е карактерот на нашите заклучоци овде. Ние мораме овде да сме свесни дека ние работиме во Собранието, Собранието е законодавен орган на власта на законодавната власт и дека неговите заклучоци за сите овие работи се всушност политика и препорака. Инаку, Владата има само уставно право да ги преточи во одлуки кои ќе бидат спроведувани на овие наши заклучоци. Таа има право да процени. Така, дали ние ќе пишеме токму 50% или најмалку 50%, сето тоа ние немаме никакво друго право, туку тоа е препорака до Владата, а Владата ќе донесе одлука за тоа. Инаку, невозможно е, ние ќе станеме Влада, само наместо да имаме 20 члена, ќе има 120 члена. Така

ќе работиме против Уставот кој скоро го донесовме. Тоа е пречекорување на нашите надлежности. Затоа, ние дали сме 50%, дали се 49%, дали се 52%, за тоа Владата ќе одлучи, а ние од овде даваме препорака, нашите заклучоци се тоа. Не се ништо друго, не е тоа одлука, не е ни закон кој го донесуваме овде.

Затоа, предлагам односно Предлогот на заклучоците го ставам на гласање. Ќе видите што имаме работен заклучок после што ќе предложам и ќе видите дека сите искажани мислења имаат фактички иста вредност и ова што господинот Алил Џаферовски го дава како препорака на Владата.

Затоа, молам, кој е за заклучоците, да крене рака. (76) .
Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги усвои заклучоците по Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година.

По повод усвојувањето на заклучоците по Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година во Комисијата за земјоделство и шумарство се предложи на Собранието да се усвои следниот работен заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието до наредната седница "да му достави информација за состојбите и проблемите во откупот на некои земјоделски производи за 1991 година за пролетната сеидба во 1992 година и некои мерки на аграрната политика во 1992 година.

2. Исто така, во спроведувањето на заклучоците треба да се поведе сметка покрај заклучоците за искажаните мислења

и аргументи кои беа овде изнесени од пратениците кои учествуваа во работата на седницата.

3. Овој работен заклучок заедно со извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (78 пратеника).

Молам, дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои работниот заклучок.

Сега е 16 часот и предлагам да одиме на пауза за ручек, затоа што ќе мораме да се вратиме на Законот за личното име. Имаме доста проблеми, да работиме денес и до 17,30 треба да почнеме.

По паузата седницата започна во 18,оо часот.

СТОЈАН АПДОВ:

Известен сум дека претставникот на Владата предлогот за изменување на Законот за изменување и дополнување на личното име пора.ди разликите во толкувањето на уставната основа на амандманот што е даден меѓу Владата и Комисијата за законодавно-правни работи и Комисијата за внатрешан политика.

Минуваме на точка 12 – Радио-дифузната мрежа на Македонската радиотелевизија и покриеност на населението на Република Македонија со радио и телевизиски програми на македонската радио-телевизија со основен концепт иден проект на сателитската радио-дифузија во рамките на радио-телевизија, основен концепт идејно решение за краткобранов центар во Радиодифузната мрежа на македонската радио телевизија.

Материјалите, извештаите на Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за финансирање и буџет, Мислењето на Владата на Република Македонија и предлог-заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам  претрес.

Молам кој бара збор?

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ

Почитувани пратеници, го поддржувам материјалот со предложените предлог заклучоци и мислењето на Владата, посебно во точката 2 од Владата и ставот 2 од заклучокот 2 од предлог-заклучоците со кои се предвидува ангажирање на средства за развој на радио-дифузијата. Иако и овој материјал може да предизвика

огромна разлика бидејќи средствата за предаватели се во сите општини во одредена смисла лоши и бараат подобрување, но јас би ве молел за едно разбирање во однос, нетргнувајќи од локален интерес и би предложил еден работен  заклучок по овој материјал кој би гласел: "Проектот Томорос да му се даде целосен приоритет, а потребните средства  за  градежни и инфраструктурни работи во целос ќе ги обезбеди Буџетот на Репбулика Македонија".

Би кажал само неколку уводни напомени за овој предавател кој се наоѓа на планината"Галичица" и со својата поставеност обезбедува целосно покривање на подрачјето на Мала Преспа во составот на Република Албанија, односно значителен дел од неа под Република Грција. Оттаму брзото ефектуирање на овој проект може да има значително политичко општествено влијание врз макеоднското население во Мала Преспа. Впрочем, во смисла на покривање на Мала Преспа со ТВ снимка на II програма особено имаше соодветно барање од населението од тој дел упатено до органите на Република Македонија, посебно вие се сеќавате од делегациите кои доаѓаа од Мала Преспа со молби во оние 10 заклучоци да им се обезбеди ваков прием. Би ве молел за едно разбирање и несваќајќи го овој проблем како од локално значење за општината Ресен, овој работен заклучок да биде прифатен.

Се работи само едно појаснување од Радио телевизија обезбедена е предавателната целосна техника, се работи за одредени средства за пристап на патишта и инфра структура. Јас напоменувам дека и овој работен заклучок е доставен до Собранието на 16.XII.1991 година.

ГАЗМЕН АЈДЕРАГА

Почитувани претседателства, почитувани пратеници.

Од неодамна поточно повеќе од година дена нашата Република беше во состав на досегашна Југославија прифајќајќи ги реформите во стопанството поминавме на прифаќање на пазарното стопанство. Поаѓајќи од тие услови мислам дека условите кои им се пружаат на поедини подрачја во нашата Република не се истоветни со сите подрачја од Републиката во следењето на телевизиската програма. Со ова сакам да кажам да на одредени подрачја им е овозможено да седи и III програма, а во одредени подрачја кои така да речам се неразвиени, а останува́ат и натаму неразвиени не овозможено следење на III тата телевизиска прогрма. Ова оттаму повеќе што кога е во прашање пазарната економија плаќањето е исто, а како е можно тоа така да се постапува исто да не биде за цела Република кога исто се наплатува надоместок за ТВ претплата. Молам да ми се даде одговор и барам цврсто вака да се постапува мислам тоа да се почитува ако веќе сме се определиле за пазарна економија.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Повод ми даде претходниот дискутант кој што рече за регионите кој што се повеќе или помалку опфатени со поедини програми. Што се однесува до Македонската Радио телевизија не само сега туку и во минатото граѓаните на Македонија не биле во рамноправна положба во сите региони. Така беше со втората програма на телевизијата, потоа со Јутел, а сега и III-от канал на Македонската телевизија. Некои региони се привилегирани односно некои граѓани со раѓањето или со доселувањето стекнуваат одредени подобности дека други треба да платат или да доплатат нешто за да се изедначат со претходните.

Гледајќи ги така предложените заклучоци, особено III-от заклучок остава место за недоверба, можност за манипулација. Со изворите на средствата и динамиката на нивното извршување, според реално утврдени приоритети во остварувањето на проектите. Макар да на прв поглед изгледа сосема во ред иднината ќе покаже дали сум имал право, но мислам дека уште долго ќе потрае ситуацијата провинцијата да мора да доплатува за секој нов проект ако не е поврзан директно со трошоците за живот односно за преживувањето.

СТРАШО МИЛКОВСКИ:

Со оглед на стратешкото значење на проектите, јас предлагам само една измена, едно дополнување и тоа во точка 2 став 2 каде што се вели : ".... Собранието на Република Македонија смета дека е потребно Владата на Република Македонија да подготви закон за учество на Републиката во финансирање на овие проекти во рок од 1 месец.

СТОЈАН АНДОВ:

"Во рок од 1 месец" е дополнувањето .

СТРАШО МИЛКОВСКИ:

Да.

РИСТО СТАНКОВСКИ

Почитувани пратеници, со оглед на интензивната пропаганда што доаѓа од Грција и тоа главно преку овие средства на информирање радиото и телевизијата во подрачјето, бар овој пограничниот дел кај што е Гевгелија практични има загушување на некои програми на Радио Скопје. Така да првата и втората програма на ултра кратко брановото подрачје воопшто не е чујна бидејќи на истото има изгледа повеќе грчки станици и според тоа немаме услови да го слушаме.

Истото беше и со телевизискиот канал меѓутоа ја сменија фрекфенцијата и сега приемот е добар, па би замолил да се преземат соодветни мерки дали со менување на фрекфенцијата или пак со појачување на предавателите за да се овозможи чујност бидејќи теренот е специфичен, областа е таква да особено во овие моменти имаме ограмна пропагандна активност од страна на Грција. Па би сакал тоа евентуално да се земе во оваа програма, да се видат евентуално можните мерки што можат да се преземат за да се оттстранат овие пречки. АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦОВ:

Почитувани пратеници, во врска со Предлог текстот на заклучокот имам потреба да предложам две мали измени кој што се суштествени по мене, тоа е во точка 2 последниот став каде што е употребен зборот "финансирање" да се каже "суфинансирање". Кратко образложение, се она што дава државата треба да биде регистрирано и тоа е суфинансирање од страна на државата, а тоа е потребно да се знае чиј дел е чиј во врска со парадржавните претпријатија, јавни претпријатија итн. се она што понатаму ќе биде искристализирано со Законот за транформација на каптиалот. А тоа и дефакто е суфинансирање на државата.

Исто така во точка 4 последниот ред  каде што вели "да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за информации," овдека би требало да стои "и Министерството за урбанизам, градежништво сообраќај и екологија и Македонската радио телевизија" итн. со следното образложение. Нашето министерство е надлежно за некои работи кои што се во функција со меѓународниот правен промет во врска со телекомуникациите, радио дифузните системи, телевизиските системи, според тоа државата

преку ова министерство ке ги потпишува тие документи како што и доделата на слободните фрекфенции според меѓународните фрекфен-циски планови итн. Значи презентантот на државата е министерството кое што го водам и неможе да не стои во овој документ. СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е грешка што е испуштено.

Предлагам двата предлога на господинот министер да се прифатат како составен дел на заклучокот со тоа што овој пос-ледниот предлог треба да биде Министерството за урбанизам, гра-дежништво сообраќај и екологија да биде веднаш после Владата, а пота информации заради обврските што ги има тоа министерство. Предлагам заедно со ова да го дадеме на изјаснување и предлогот на работниот заклучок на господинот Гештаковски за проектот"Томо-рост".

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека овој заклучок и работниот заклучок што го предложи господинот Гештаковски се усвоени.

Минуваме на точка 13 Нацрт на програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година.

Нацртот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Бидејќи на комисијата јас дискутирав, меѓутоа овде тоа не е влезено т.е. е испуштено, Законот за претпријатија за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди.

Предлагам под точка 36 изготвувач е Министерството за труд и социјална политика, да биде под точка 36 и натаму да се померат точките бидејќи секаде постојат такви закони и треба и кај нас да постои еден закон за претпријатија за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди.

ЕФТИМ МАНЕВ:

По однос на нацртот на предлогот на програмата за работа на Собранието имам забелешки и предлагам три измени по однос на роковите за донесување на законите. Законот за тутун, Законот за води и Законот за контрола на цените. Сите овие три закони се предложени да се донесат во III-тото тромесечие од годината. Законот за води практички е против уставен бидјеќи тој требаше да се донесе до 30 септември 1991 година согласно уставниот амандман 54 од Уставот кој веќе неважи.

Законот за тутун исто така е сосема е во спротивност со пазарната економија, па оттаму и за тој закон предлагам да биде предложен уште во првото тромесечие во месец март, а исто така и Законот за контрола на цените. Овие три закони предлагам да бидат како предлог за донесување на закони уште во месец март, а да се донесат најдоцна до крајот на месец април или до 15 мај.

ГУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, бидејќи се работи за нацрт на програма за работа на Собранието мислам дека оваа програма би требало да се дополни со следнава тема. "Информација за систематизација и рационализација во органите на управата со посебен осврт на овие органи во Владата и Собранието на Република Македонија". Ова го зборувам само од причини што сите министерства најавија рационализација во своите подрачни единици, во некои министерства оваа работе веќе е во така да мислам тоа нешто ќе

треба да се направи и за овие органи и вработени во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, според тоа, изготвувач на оваа информација би била Владата на Република Македонија, а рокот би бил април односно мај.

ТАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господо, разгледувајќи ја програмата за работа на Владата никаде не го сретнав она за што дискутиравме порано за предлагање закон за денационализација на имотите што неправилно во текот на досегашното време се национализирани. Според тоа, предлагавме ми се чини и на Комисијата за земјоделство да влезе, да се уврсти и Законот за денационализација во било кој месец.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ

Јас имам една начелна забелешка во однос на роковите утврдени за донесување на законите и роковите за донесување на студиите и анализите. Сметам дека прво треба да се направат, со оглед дека сме во фаза на конституирање на нови системи, економски, политички, социјални и т.н., прво треба да се направат студиите што ќе го обработат развојот на одредени гранки со цел да се утврди концепцијата и правците на развојот, а втората фаза е донесување на закони кои ќе обезбедат реализација на утврдените концепции. Во спротивно тие закони практично можат да штетат на определувањето на стратегијата на развој на одделни области, затоа сметам дека при утврдувањето на дефинитивниот текст на програмата прво треба да бидат направени студиите, а дури потоа треба да бидат донесени законите, а не како што се овде обратно дадени. На пример, Законот за научно-истражувачка дејност рок-февруари, анализа за институционалната поставеност и работењето и функционирањето на научните институции-рок-септември. Ваквата измена во дефинитивниот текст треба да стои.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ;

Бидејќи во Програмата за работа на Собранието не е предвиден закон за евиденција и контрола на имотот на пратениците и избраните лица на јавни функции, предлагам да се земе предвид Предлогот за донесување на закон во порвото тримесечеје, а најдоцна до април месец.

ПАНЧО МИНОВ:

Предлагам во врска со Програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1992 година оваа пороблематика да не се регулира со програма туку на повисок ранг, со закон за заштита на социјално-загрозеното население во кој ќе се уредат изворите на средствата за финансирање и обезбедување на заштита на животниот стандард на оваа категорија на население, како и критериумите за задоволување на социјалните права.

Исто така, ова важи како предлог и со закон да се регулира обезбедувањето на правата на работниците за чија работа престанала потребата, тоа се стечајните работници како последица од преструктуирањето, со кој закон ќе се регулира утврдувањето на вишокот на работниците и начините и приоритетите за нивното повторно вработување како и со закон утврдување на изворите за финансирање на оваа проблематика, која е доста присутна како појава и последица од структурното трансформирање во нашето стопанство.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам кој друг бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на програмата за работа на Собранието за 1992 година.

2. Се овластува претседателот на Собранието на Република Македонија, заедно со потпретседателите на Собранието и претседателите на работните тела на Собранието да подготви Предлог на програма при што да се имаат предвид, мислењата и предлозите на работните тела на Собранието и на пратениците изнесени денес на седницата на Собранието.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (пратениците креваат рака) .

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 14-тата точка - Предлог на одлука за разрешување од функција на општински јавен обвинител во општинското јавно обвинителство - Охрид

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

ХАМИД АЛИУ:

Дами и господа, ценето претседателство, имам општа забелешка околу работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Имено, при предлагањето на разни кандидати за разрешување и именување, претставници на Републиката во разни совети тогаш кога се предлагаат ретко кога се предлагаат пратеници или други членови од редовите на албанската националност додека некои пратеници од другите пратенички групи понеколку пати се наоѓаат на разни списоци на истата комисија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, тоа другпат да го изнесете. Сега има конкретна точка. Ова да се има предвид, господин Крстевски.

Дали некој бара збор по конкретната точка? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање. (13 пратеници)

Констатирам дека Боривоја Петрески е разрешен од функцијата општински јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Охрид по негово барање.

Преминуваме на 15-тата точка - Предлог на одлуки за избор на членови на конкурсните комисии за именување на индивидуален работоводен орган и тоа: за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности и за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Центарот за провесионална рехабилитација на младинци со оштетен слух "25 Мај"-Скопје.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (осум пратеници)

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за избор на членови на конкурсните комисии за именување на индивидуален работоводен орган.

Преминуваме на 16-тата точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака.

За одлуката гласаа 55 пратеници.

Дали има некој против? (6 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Преминуваме на 17-тата точка - Предлог на одлука задавање согласност на одлуката на Советот на Природонаучниот музеј на Македонија за именување на индивидуален работоводен орган на музејот. .

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За предлогот на одлуката гласаа 53 пратеници.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на Природнонаучниот музеј на Македонија за именување на индивидуален работоводен орган на музејот.

Преминуваме на 18-тата точка - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски"-Скопје за именување индивидуален работоводен орган на библиотеката.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака.

За предлогот на одлуката гласаше 61 пратеник.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Одлуката на СОветот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски"-Скопје за именување индивидуален работоводен орган на библиотеката.

Преминуваме на 19-тата точка - Предлог на заклучок во врска со примената на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија.

Ве информирам дека Комисијата не зазеде став бидејќи за ова значајно и сложено прашање не би требало да се наметнува политичко и финансиско решение без изграден став на Владата.

Дали Владата има претставник?

Повереник, Владата нема претставник, оваа точка треба да ја одложиме. Нема никој, нема со кого да расправаме.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Кога се договаравме и го утврдувавме дневниот ред, заклучок на ова Собрание и некаков став беше оваа точка да оди како последна на оваа седница, а во меѓувреме Владата да изгради став, да даде мислење по оваа иницијатива и уште тогаш реков и не е неопходно и не е неизбежно тоа мислење на Владата, и ставив забелешка дека лично јас не сум задоволен од она што го прави Владата на овој план. Не знам, можеби во рамките на оваа точка треба да поразговараме и за Владата, за работата на Владата, не знам. Меѓутоа, мислам дека оваа точка треба да стои на дневен ред, да ја апсолвира ова Собрание, бидејќи не се работи за ништо суштинско или како што стои во образложението таму, не се создава никаков вакум во финансирањето на средствата за јавно информирање. Не знам, мислам дека не треба да ја одлагаме точката.

СТОЈАН АНДОВ:

Навреме е доставена до Владата, Владата нема мислење, Комисијта не прифатила да расправа без мислење на Владата и ве молам да ја одложиме точката за првата наредна седница.

ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:

Од министерот за финансии и господинот Мартин Треневски на Комисијата бевме информирани дека од Владата Собранието не побарало мислење. Овде стои дека е побарано мислење на 12-ти февруари и значи пак како проблем се јавува Владата, затоа што министерот рече дека не е побарано мислење од Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не, еве имаме, имате писмен доказ.

Според тоа, и укажуваме на Владата јавно дека мора навреме да заземе мислење за да може Собранието овде нормално да ги разгледува работите како што доаѓаат на дневен ред.

Ова ќе го разгледуваме на првата наредна седница.

Со тоа е исцрпен дневниот ред.

Минуваме на пратеничките прашања.

Меѓутоа, ве молам се наоѓаме пред истиот проблем, немаме претставници на Владата. Доставете ги до мене прашањата, ќе ги упатам, само во ваше име им укажувам на претставниците на Владата дека се должни да ја следат седницата на Собранието до нејзиното завршување. Тоа е нивна обврска.

Дали се согласувате со тоа? (се согласуваат)

Со тоа ја завршуваме седницата.

Ќе им укажеме на ова во писмена форма, ова е недопустливо. (Седницата заврши во 18,35 часот).